


# МАКЕДОНСКИ ГЛАС

Godina XVI 2009.
МАРТ – АПРИЛ
OŽUJAK – TRAVANJ
ЦЕНА 5 кн
ISSN 1333-7769
БРОЈ 58







# НА ПАТОТ КОН ЗЕЛЕНАТА ИДНИНА

***"...Дрвјата се песна која Земјата ја запишува на небото. Ние ги уништуваме и ги претворуваме во хартија, само за да ја запишеме сопствената празнина..." – Халил Џубран***

Со пораката "Потребни се дваесет години за да порасне, а само еден миг за да се уништи едно дрво", во Македонија се роди една благородна идеја која прерасна во хумана акција наречена "Ден на дрвото – засади ја својата иднина".

Во првата акција на 12 март 2008, во еден ден беа засадени два милиона дрвца, по едно за секој жител на Македонија. Целта беше подобрување на животната средина и подигнување на еколошката свест. Таа се одржа под водство на познатиот оперски пејач Борис Трајанов и со поддршка на Владата и општините во РМ, а на граѓанска иницијатива поттикната од лошата состојба со пошумени површини, особено по големите пожари кои се случија пред две години кога изгореа илјадници хектари шума на повеќе места во Македонија.

И покрај неповолните временски услови, снегот, дождот и студеното време, граѓаните не се обесхрабрија повторно да излезат и масовно да се вклучат и во втората по ред акција на 19 ноември 2008, кога приближно шест милиони садници ги покрија голите површини на околу сто локации ширум Македонија. Акцијата беше помогната и од стручни лица кои на граѓаните им даваа упатства за правилно засадување на дрвцата. Беа посадени и зимзелени и листопадни дрвца: топола, даб, бел и црн бор, а најмногу смреки, чемпреси и багреми. На сите локации бројни беа учениците од основните и средните училишта, членовите на невладините организации и припадниците на АРМ, додека најголемиот број граѓани на локациите пристигнуваа со организиран превоз од општините и фирмите, а некаде се пешачеше и по половина час до местата за садење. Организаторите беа многу задоволни од одѕивот и од успешноста на акцијата. Иако условите на теренот беа навистина неповолни поради дождот кој паѓаше цела ноќ, влажната земја секако поволно ќе влијае врз садниците за да се зафатат во што поголем број. Така и званично по втор пат иднината на Македонија беше и засадена и навадена.

И на 14 март 2009, силниот ветер и густите и темни дождливи облаци не беа пречка да се спроведе и третата акција под мотото: "Ние два милиони, станавме светски зелен бренд – излези, засади и инспирирај ги останатите шест милјарди". На педесеттина локации уште два милиони садници беа засадаени од граѓаните – љубители на природата, кои без оглед на временските услови, секогаш се подготвени да излезат и да ја раззеленат својата татковина. Останатите три милиони во семе ги посеаја вработените на Јавното претпријатие "Македонски шуми". Овојпат, веќе, резултатите покажаа дека претходните две акции беа многу успешни и дека најмалку половина од засадените дрвца се зафатени и во добра состојба.

Се најавува спроведување на акцијата и по четврти пат во ноември оваа година, а истата ќе се реализира на балканско ниво заедно со сите држави кои пројавија интерес да организираат слични акции. Само напред! Вредноста на секое дрво е бесценета иако ефектот ќе го почувствуваме дури по десетина години. Затоа останува само да се надеваме дека еколошката акција "Ден на дрвото", како македонски препознатлив бренд, ќе стане традиција, наш влог за облагородување на природата и задоволство на нашите деца кои ќе можат да уживаат во благодетите на една поздрава и подобра иднина.

Елизабета Петровска



ДЕН НА ДРВОТО

ЗАСАДИ ЈА СВОЈАТА ИДНИНА!





**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

**Главна и одговорна уредничка:**
МАРИНА АПОСТОЛОВСКА-ВУЈАКЛИЈА

**Заменик на главната и одговорна уредничка:**
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

**Уредништво:**
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

**Редакциски одбор:**
Огнен Бојаџиски
Јагода Цветичанин
Горан Калоѓера

**Редакција:**
Елизабета Петровска - Загреб
Јулијана Младеновска Тешија - Осиек
Ратко Димовски - Пула
Владо Настески - Риека
Еми Лонгин - Задар
Виолета Рајиќ-Жгањер - Сплит

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj,
Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
Žiro račun: 2340009-1100038804

Tel./Фах: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: info@zmurh.hr

За издавачот: Ангел Митревски
Печат: НОНПАРЕЛ д.о.о. Загреб

На насловната страница:
Живко Поповски:
Република Македонија – цвеќе на мирот

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

**ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.**

**Збор на уредничката**
**Riječ urednice**



## ПРОСТУВАЊЕ – СПАСЕНИЕ

Кога ќе го читате овој текст на Вашата уредничка, зад нас ќе биде прославениот празник Св. Спас, односно Вознесение Христово СПАСОВДЕН. Нека сите нас нé СПАСИ волјата на Христа! Со чисти и мирни души да продолжиме понатаму! За доброто на сите нас Македонци што живеат и работат во Хрватска, а воедно ги остваруваат своите активности во македонските друштва при Заедницата на Македонците во РХ!

Ова е година на рецесија. Ја чувствуваат сите на сите континети и во Хрватска, а и македонските друштва што делуваат на овие простори. И покрај тоа, активностите на нашите Македонци во овој период беа големи. “Македонски глас” навистина немаше доволно простор да ги објави сите од нив, па оние кои нема да бидат на страниците на број 58., ќе ги проследите во следниот број.

Се надевам дека ќе уживате во содржините и на ова издание, ќе прочитате за она што сте го оствариле во вашите друштва, а и ќе прочитате некои интересни текстови од историјата и актуелната култура на Македонија.

По редовното Собрание на Заедницата во Риека повторно се брануваа некои “ситносопственички” интереси, во духот – јас сум најдобар, а овој до мене не чини!!! Сите ние работиме според она како умееме и знаеме. Затоа, Спасовден нека ни биде ѕвезда што до крајот на годината ќе нé однесе до уште поголеми успеси, манифестации и настани.

Марина Апостоловска – Вујаклија

# Ѓорге Иванов избран за четврт претседател на Македонија

***На 22 март и 5 април 2009 година Македонија гласаше за својот четврти претседател на државата и по петти пат за локалните челници***

**Специјално од Скопје:**
**Марина Апостоловска – Вујаклија**



*Доктор Драган Бачев во својата изборна единица*

Пролет во Македонија. Сé расцветано, со пупки на дрвјата и парковите. Но, и со "расцветана" политичка сцена, од причина што на 22 март и на 5 април 2009 се одржаа четвртите избори за претседател на Република Македонија и локалните избори за градоначалници. Европската заедница и порача на Македонија дека овие избори ќе бидат тест за доказ за остварување на нејзината демократија. И така, Македонците, Албанците, Турците, Ромите и сите други националности што живеат на овие простори, го положија "тестот на демократијата", па достоинствено, без инциденти, излегоа на избирачките места и ги избраа политичарите што ќе ги водат во следните години од историјата на Македонија.

Дотерани, со насмевки на лицето и чиста мисла, гласаа за своите. Имаше неколку "инциденти" кои историјата нема да ги запамети, ама сите оние 40.24 отсто гласачи кои го дадоа својот потпис одлучија:

Нов претседател на Република Македонија стана Ѓорге Иванов, кој според податоците на Државната изборна комисија, во вториот круг на гласањето, доби 693.791 гласови односно 42,72 отсто (од преброените 2.775 гласачки места од вкупно 2.976 избирачки места). Неговиот конкурент Љубомир Фрчковски освои 239.762 гласови или 33,79 отсто.



*Скопје на денот на изборите*

На лице место се најдов на четвртите по ред претседателски избори и изборите за градоначалници ширум Македонија. Се чувствував како вистинска Македонка која треба да го оствари своето демократско право. Ми беше мило што можев да ги видам сите ентузијасти – читај вљубеници во Македонија, како од шест часот наутро до 12 навечер беспрекорно седат на изборничките места, беспрекорно ги прегледуваат подаоците на избирачите, па ги бројат изборните листи. Сé функционираше "како сат"!

На едно од тие избирачки места во Скопје, поточно во општината Кисела Вода, го сретнав својот стар комшија д-р Драган Бачев. На прашањето зошто наместо во болница своето време го посветува на изборите ми рече: "За иднината на Македонија, за нас, нашите деца, сите треба да се потрудиме и да не го жалиме своето слободно време".

На истото тоа избирачко место – најелитната градинка во општината Аеродром, седат десеттина млади луѓе кои ги претставуваат странските набљудувачи. Пијат кока-кола, јадат бурек и само со намевка ги набљудуваат гласачите. Ги прашав какви се нивните информации за овогодишните избори во Р. Македонија, а тие, со насмевка полна со храна и пијачка, ми одговорија дека ова им е една од најубавите хонорарни работи затоа што сé минува во мирна и релаксирана атмосфера.

Така мирно и тивко не само во Скопје, туку и во цела Македонија минаа овогодиш-



*Голем одзив на македонскиот електорат*

ните избори. Арно ама, во 23 часот, кога се знаеја првите резултати, сé беше поинаку: на плоштадот Македонија толпа народ (најмногу припадници на ВМРО-ДПМН), неколку млади кои гласале за СДП (попарени и разочарани), млади девојки на кои не им е грижа кој победил а кој изгубил играат на песните на Тоше Проески, а во другите општини веселби на улиците и, по кој истрел од пиштол или пушка. Сé за иднината на Македонија!!!

Во Република Македонија се одржаа и избори за градоначалниците на македонските општини. И на нив победија кандидатите на ВМРО ДПМНЕ, кои гласачите ги избраа да бидат челници во локалната власт. За градоначалник на Скопје избран е Коце Трајановски, кој при изборот рече: “Не верувај му на човека на збор, верувај му на неговите дела”.

Кој е Ѓорге Иванов?



Ѓорге Иванов е роден во Валандово во 1960 година. Основното и средното образование го завршува во родниот град, а дипломира и докторира на Правниот факултет “Јустијан Први” при Уверзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Оженет е со Маја и заедно му се радуваат на синот Иван.

Низ годините исполнети со премрежја и предизвици, професионалниот развој го проектира меѓу науката и политиката. Во предвечерјето на падот на комунизмот влегува во јавниот живот стоејќи на барикадите на демократијата и повеќепартизмот. Како веќе афирмиран универзитетски професор продолжува да ја истражува сферата на политиката во сите нејзини аспекти, споделувајќи го своето знаење со македонските студенти и со оние на странските универзитети каде предава, сé со цел да придонесе во развојот на научната мисла за цивилното општество и политикологијата воопшто. За себе вели дека е голем патриот, човек со став посветен на вистината.

Претседателот на Република Македонија Бранко Црвенковски му го честита на Ѓорге Иванов изборот за нов шеф на државата.

– Дозволете ми да Ви ја честитам победата на изборите за Претседател на Република Македонија и да Ви посакам успешно извршување на оваа одговорна функција. Република Македонија се наоѓа во исклучително важен историски период. Нашиот главен предизвик е реализација на стратешките приоритети за полноправно членство во НАТО и во ЕУ. Граѓаните на Република Македонија во огромен број ја поддржуваат визијата за модерна, демократска и просперитетна држава, целосно интегрирана во глобалните процеси. Токму затоа и одговорноста на носителите на највисоките државни функции е дотолку поголема за нејзина што поскорешна реализација.

МИА

## Честитки од Обама за новиот македонски претседател

Американскиот претседател Барак Обама испрати писмо со честитки до Ѓорге Иванов по повод неговиот избор за претседател.

– Со големо задоволство ја очекувам нашата заедничка соработка за влез на Македонија во НАТО алијансата и продолжување на патот кон европската интеграција, наведува Обама во писмото, што го пренесе Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ.

– Вашата нација веќе на дело ја покажа искрената посветеност и придонес кон нашата заедничка безбедност и Соединетите Американски Држави се особено благодарни за поддршката на Вашата Влада во Ирак и Авганистан, стои во писмото што претседателот на САД Барак Обама го испрати до новоизбраниот македонски претседател Иванов.

МИА

## ВОНРЕДЕН СОСТАНОК НА УО И РЕДОВНО СОБРАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА



**Риека**: Пред почетокот на Собранието, на 25 април 2009, Управниот одбор на Заедницата на Македонците во РХ одржа вонреден состанок. По потпишувањето на Договорот за финансиска поддршка за Програмата за 2009 година со Советот за национални малцинства при Владата на РХ, изработен е „Планот и програмата на работа за 2009. година со финансиска конструкција" кој беше усвоен од членовите. Потоа, Митревски го претстави и предлогот за „Финансискиот план на Заедницата" за период од 01.04. – 31.12.2009., кој исто така го усвоија членовите. За кварталниот „Извештај за остварените програми и потрошените средства во првото тромесечје на 2009" беше речено дека е благовремено изготвен и навреме предаден до Советот заедно со Извештаите на друштвата, па и тој беше едногласно усвоен. УО донесе уште неколку одлуки врзани за работата на македонските друштва во РХ.

Потоа, Заедницата на Македонците во РХ одржа редовно годишно Собрание во просториите на МКД „Илинден" во Риека, со делегатите од македонските културни друштва од Загреб, Осиек, Риека, Пула, Сплит и Задар, кое почна со интонирање на хрватската и македонската химна. Претседателот Ангел Митревски ги поздрави присутните и по потврдувањето на новите делегати, беше утврден кворумот, па се именуваа Е. Петровска за записничар и В. Штерјова и Н. Гроздановски за заверувачи на записникот.

На почетокот се поведе расправа за предлогот на Деловникот за работата на Собранието на Заедницата. Делегатите предложија неколку амандмани и по расправата, го усвоија новиот Деловник со измените. Врзано за минатогодишното општо и финансиско работење на Заедницата, во своето излагање А. Митревски рече дека Извештаите за работата на Заедницата како и за остварувањето на програмите и потрошените средства на Заедницата во 2008 година, се уредно изработени и на време предадени до Советот за национални малцинства при Владата на РХ, што е показател дека Заедницата и во 2008 беше мошне активна во реализацијата на своите програмски дејности и оствари видни резултати во промовирањето на македонската култура во Хрватска. Надзорниот одбор поднесе Извештај за извршената контрола на минатогодишното финансиско работење на Заедницата, при што беше речено дека годината беше позитивно завршена. По излагањето, сите три извештаи беа усвоени од делегатите на Собранието.

На Собранието се расправаше и за „Планот и програмата на работата на Заедницата за 2009 година со финансиска конструкција", кој беше изготвен врз основа на Одлуката на Советот за национални малцинства на РХ и потпишаниот Договор за финансиска потпора за програмите на здруженијата од средствата на Државниот буџет на РХ за 2009 година, па по излагањето на проектите кои се предвидени за реализација во оваа година, делегатите едногласно го усвоија. Беше донесена и одлука за разрешување на досегашните членови на Надзорниот одбор на Заедницата, С. Шкратуља и Г. Колески, поради нивната тотална недостапност и незаинтересираност за извршување на обврските во нивните матични друштва, а за нови членови беа именувани О. Ламбевски и С. Чомов. Му беше изгласана и доверба на А. Митревски за неговото понатамошно вршење на функцијата претседател на Заедницата до крајот на тековниот мандат, на негово образложение дека и покрај неговите обврски како член во Советот за национални малцинства на РХ е подготвен да продолжи квалитетно и совесно да ја врши и функцијата претседател на Заедницата.

Поради подобрување на концептот и квалитетот на списанието „Македонски глас", се даде предлог во рок од месец дена да се одржи состанок со членовите на УО на Заедницата и членовите на Колегиумот на списанието, на кој ќе се донесат одлуки за начинот на понатамошната работа, што беше едногласно прифатен.

Е. П.

## ИЗБОРНО СОБРАНИЕ НА МКД "ИЛИНДЕН"

**Риека**: МКД "Илинден" од Риека на 29 март 2009 одржа Изборно собрание. Друштвото, кое оваа година ја прославува деветнаесеттата година од основањето, стана темел и на другите македонски асоцијации во Риека и ги поврза со заеднички планови и активности. Затоа, голем број Македонци од Риека и околните приморски места дојдоа на Собранието и го одржаа во работна, но и во празнична атмосфера.

Собранието започна со интонирањето на хрватската и македонската химна и оддавањето почит на починатите членови и останатите кои придонеле за успесите на Друштвото. Дневниот ред од седум точки ги опфати разрешувањата и именувањата на нови лица во Управниот, Надзорниот одбор и Судот на честа како и на делегатите за Собранието на Заедницата. Ивона Дуноски, која беше повторно именувана за претседателка на Друштвото, по изборот на работните тела поднесе извештај за работата на Друштвото во минатата година и ги истакна најважните активности, меѓу кои и: работата на дополнителната настава по македонски јазик со 15 деца, отворањето на Лекторатот за македонски јазик на Филозофскиот факултет во Риека со 90 студенти, организирањето на хуманитарната акција за Домот Св. Ана – Дом за жени и деца, жртви на насилство, работата на пејачката и фолклорната секција, организирањето на бројни ликовни изложби, промоции на книги и предавања за македонскиот јазик и историјата на Македонија и многу други активности со кои Друштвото стана едно од најактивните национални здруженија во градот. Извештајот го заврши со искажаната благодарност до сите членови на Друштвото кои на било кој начин придонеле во успешната работа, нагласувајќи го потенцијалот и можностите на МКД "Илинден".

Следеше извештајот на Надзорниот одбор во кој беше претставена целокупната финансиска работа и потрошените средства за остварување на Планот и програмата во 2008, каде е констатирано дека се работело во рамките на Законот за здруженијата. Извештајот на Судот на честа беше кус и без забелешки, со предлог на измена во Статутот телото да брои три члена наместо досегашните пет, па предлогот беше едногласно прифатен. Со разрешувањето на досегашните членови на управните тела, именувани се следните членови на Управниот одбор: Ивона Дуноски, Велимир Лозановски, Марија Бан, Васил Тоциновски, Славица Чомов, Ненси Чаргоња Кошута, Кристина Јурковиќ и Саша Марковски, на Надзорниот одбор: Илија Младенов, Лена Пешун и Биљана Зафирова, а на Судот на честа: Здраве Зафиров, Павлина Пуж и Васа Ливајиќ. За делегати за Собранието на Заедницата избрани се: Славица Чомов, Велимир Лозановски, Марија Бан, Илија Младенов и Ивона Дуноски.

На Собранието се водеа дискусии и за некои актуелни прашања, па едно од поважните беше реализацијата на предлогот за изградба на Културен и духовен центар во Риека. Михаило Давчевски, задолжен за овој проект, рече дека надлежните институции во Риека се запознати со проектот и дека документацијата, градежната дозвола и пронаоѓањето на локацијата се во процедура.

Собранието заврши со настапот на пејачката, музичката и фолклорната секција.

В. Н.

## Изборно собрание на МКД "Билјана"



**Задар**: На 20 март 2009, МКД "Билјана" го одржа своето редовно изборно Собрание. Состанакот го водеше работното тело во состав: Надица Жампера, Ирена Андријевиќ и Екатарина Мандиќ. Претседателката на Друштвото, Мирјана Мајиќ, ги поздрави членовите и гостите и ги прочита остварените програми и извештајот за потрошените средства во минатата година, кои беа едногласно усвоени од членовите. Потоа Ј. Андријевиќ, претседателката на Надзорниот одбор, поднесе извештај за финансиското работење на Друштвото и тој беше едногласно усвоен. По разрешувањата на досегашните управни тела, се пристапи кон изборот на новите членови: за претседателка повторно едногласно е именувана досегашната претседателка, Мирјана Мајиќ, за потпретседателка именувана е Надица Жампера, а за секретар беше именуван Михаило Кузевски. Членови на Надзорниот одбор во следниот мандат ќе бидат: Ирена Андријевиќ, Добрила Ракиќ и Јелена Петровиќ, а на Судот на честа: Нацка Пеќанац, Даница Вербиќ и Јован Николовски.

Мирјана Мајиќ се заблагодари за изгласаната доверба и го изнесе Планот и програмата за 2009, што беше едногласно усвоен, па се заблагодари на големата поддршка и соработка на благајничката Марија Јакимовска и секретарката Хата Радевска. Притоа им честита на новите членови на управните тела и им посака добра и успешна соработка. Собранието, според оценката на присутните, мина во пријатна атмосфера, со желби и во идната година сите успешно да соработуваат и делуваат.

Еми Лонгин

## НАСТАП НА "МАЛ ТАНЕЦ"

**Пула**: На први мај годинава, пред околу илјада граѓани, кореографот проф. Зико Георгиев од Пореч, на бината во Шијанска Шума го изведе новиот млад фолклорен ансамбл "Мал Танец". Во него најмлада беше Мирела Златеска со својата сестра Михаела. Ансамблот настапи во егејски носии, бидејќи некогашните



неодговорни членови на Друштвото сеуште неовластено ги задржуваат скапите народни носии и комплети, оглушувајќи се на редовните барања на МКД "Кочо Рацин" од Пула, кое сака да го реши овој случај на соодветен културен начин.

Но, и покрај овие проблеми новиот "Мал Танец" ги воодушеви присутните и "заработи" големи аплаузи.

Р. Димовски

## 32. СРЕДБИ НА ЗАГРЕПСКИТЕ МУЗИЧКИ АМАТЕРИ



Од 24-26 април 2009 година во организација на Центарот за култура Трешњевка, односно Загрепскиот музички подиум, во рамките на 32. Средби на загрепските музички аматери во Домот на културата Пречко во Загреб се одржаа концерти на дувачки и тамбурашки оркестри и фолклорни хорови. Средбите ги следеше стручна комисија составена од еминентни музички стручњаци (диригенти, композитори, музички педагози), кои го оценуваа квалитетот на работата на секој ансамбл преку кусиот избор на програмата со која тие се претставија во нивната категорија.

Во неделата на 26 април, на Концертот на фолклорни хорови, меѓу бројните ансамбли, настапи и пејачката група "Моми бисерни" и инструменталната група "Трубадури" при МКД "Охридски бисер" од Загреб. "Момите", под водство на диригентската палка на водителката Хеда Господнетиќ, се претставија со македонските народни песни: "Пилето ми пее рано на сабајле", "Марие, дилбер бела Марие" и "Јовано, Јованке", во придружба на Јелена Зорко, виолина, Невен Јуриќ, гитара, Милан Млинариќ, брач, Снежана Станзл, дајре и Хеда Господнетиќ, синтисајзер.

Покрај МКД "Охридски бисер", на концертот настапија и КУД "Франкопан" – Ремете, КУД "Изидор", фолклорниот ансамбл "Врапчанци", КУД "Младост", КУД "Валентиново", КУД "Дика", КУД "Орач" – Демерје, "Завичајно друштво Синац", КУД "Орач" – Мала Млака, КУД "Света Клара" и фолклорниот ансамбл "Иван Горан Ковачиќ".

Посетителите уживаа во прекрасниот настап на сите музички аматери кои навистина пееја со душа и срце и заслужено ги наградија со громогласен аплауз.

Е. П.

## Настава по македонски јазик во Загреб

На 25 април 2009 година во нашето училиште, на наставата по македонски јазик, дојде славниот, а слободно можам да речам и симпатичен ракометар, Кирил Лазаров. Каква среќа имаме што е пријател на нашата професорка Деспина!

А каде на друго место би го започнале нашето дружење, ако не пред голот во салата, каде Кирил со машките ја одмеруваше својата сила во ракометот. А, ние, девојките својот момент го имавме пред фотоапаратот покрај Кирил.

Кога се вративме во училницата, ни одговори на сите наши прашања, потоа ни се потпиша, на некои на маиците, на некои



на рацете, на хартија или пак, на тетратките. Јас го замолив за потпис за својот пријател од моето одделение кој е голем обожувател на ракометот. Дружењето го завршивме со покана на еден негов натпревар, а тоа беше големо задоволство за нас.

Сите се надеваме дека повторно ќе имаме можност за дружење со Кирил Лазаров.

**Ника Брестовечки**,
ученичка во 6. одделение во ОУ "Никола Тесла" во Загреб
и ученичка во училиштето за негување на македонски јазик и култура

## ИЗЛОЖБИ ВО РИЕКА...

### ...ДОБРЕ ГРНЧАРОСКИ

Критиките за сликите на Добре Грнчароски од академскиот сликар Борут Срок, на отворањето на изложбата ги прочита Илија Христодулов. За Грнчароски беше речено дека неговото творештво се темели на мотиви и изрази окарактеризирани со допири во разни спектри на сликарската техника. Тој искрено и спонтано твори имагинарност влегувајќи во необичниот свет на бои, барајќи ја формата, но и излезот во сопствената емотивност што се надѕира пред сѐ, во неговото експериментално истражување. Неговата сликарска разиграност во сликарските творби сведочи дека кај сликарот се очитува неговата зрелост во самиот процес на творештвото, а тој преку своите слики влегува во сопствена анима и ја открива нејзината бесконечна форма на обликот и на бојата.

Грнчароски е роден во Тетово во 1965 година, дипломирал на Технолошко-текстилниот факултет во Загреб 1989, а со своето семејство, сопругата и двете деца, живее и работи во Пула. Член е на МКД "Кочо Рацин" од Пула.

Изложбата ја отвори претседателот на Заедницата, Ангел Митревски, на 23 април оваа година, а присуствуваа: претседателите на Советите на МНМ од Пула и Риека, Тодор Брдарски и Михаило Давчевски, лекторот по македонски јазик на Филозофскиот факултет во Риека, д-р Васил Тоциновски и многу други љубители на овој вид ликовна уметност, која еден месец ги красеше просториите на Македонците во Риека.

### ...ЖЕЉКО ДЕЛАЧ

На 27 јануари годинава, Жељко Делач се претстави со своите најнови ликовни творби, прикажувајќи ги на љубителите на оваа уметност. Жељко е пријател на Македонците, а воедно и член на МКД "Илинден", па со право дојде со неговите горански пејсажи да ги украси просториите на Македонскиот клуб во Риека.

Неговите дела ги претстави проф. Иван Пензеш Недалов, кој рече дека кај овој надарен сликар можеме да забележиме една есенцијална црта, а тоа е пулсирањето и минување на животот, природата, шумите, водата, скриените шумски патчиња, трагите по снегот, трагите на човечките нозе, но не и луѓето, низ кои се ѕирка некое светло, некако скриено. Сликарот како да ја прислушкува природата околу себе. Боите му се светлоплави и светложолти, а се затвораат со темно зелени и плави тонови. Овој силен ритам ги смирува и ги амортизира кафеавите и загаснетите окер бои. Сликајќи, Жељко Делач е на пат да ја оствари потребата помеѓу личниот внатрешен динамизам и субјективното доживување во колоризмот. За да се доближи повеќе во сликарството, Делач истражува и други теми: мртва природа, марини, портрети, актови, дури се интересира и за "анимално сликарство". Во досегашното сликарство, тој има најголем успех со пејсажот, го заклучи претставувањето проф. Надалов.

Жељко Делач роден е во Скрад, Горски Котар. По струка е електроинженер, смирен професионалец окупиран со мобилната технологија и инернетот, а хоби му е ликовното творештво. Во последните петнасеттина години Жељко е активен учесник и соучесник на многу ликовни манифестации во многу градови во Приморјето, Лика, Истра и Далмација. Досега има излагано на триесеттина заеднички изложби, а оваа му е петнаесетта самостојна.

### ...ВЛАДО АЛЕКСОВСКИ



На 5 март годинава, во просториите на МНМ во Риека е отворена изложба на Владо Алексовски, член на МКД "Илинден" од Риека. Изложбата е планирана во овогодишната програма на Друштвото и отворена по повод 8 март – Денот на жената.

Претставувајќи го авторот на изложбата, претседателката на МКД "Илинден", Ивона Дуноски, го нагласи неговиот предизвик за творбите или појавите во рационално дифузно светло, со кое не ја идеализира стварноста, но е на трага на надријализмот, ги комбинира ликовите со елементи на класичната архитектура, актови, коњи, цвеќе. Сосема слободно ги комбинира мотивите кои го окупираат неговото внимание, а притоа секогаш му се присутни облиците со силна еротска порака. Скитањето кое му се јавуваше на почетокот е само природна сила со која си ја бараше насоката на неговата уметничка дарба.

Алексовски кога слика акт не слика тело, туку ја слика идејата на жената. Затоа неговите мотиви имаат статичност, наднародност и флуидно безтежинство, како да се дел од некој од соништата. Боите му се пригушени, неекспресивни, обработени грубо, со кистот, со прстите, па и директно од тубата на платно. Овој слободен пристап авторот го сврстува меѓу сликарите кои уживаат сликајќи, како да се играат, брзо го менуваат својот израз и сфера на изразот, заврши Дуноски.

Владо Алексовски роден е во 1955 година во Скопје, каде го минува детството и младоста, се школува и ги завршува студиите по машинство. Во Риека е од 1985 година. Интересот за сликарството и уметноста го открива како потреба за лично ликовно истражување. Во почетокот на сликањето се едуцира и започнува со истражување на сликарската техника. Денес најмногу слика со масни бои и со техника за која самиот вели дека е силно изразена во неговиот ликовен израз.

В. Настески

## Етика на Св. Климент Охридски

**Задар**: Д-р Дејан Донев, професор на "Euro College" факултетот за бизнис и администрација во Куманово, одржа предавање во Задар на тема "Етика на Св. Климент Охридски". Во организација на Задарскиот филозофски круг во Научната библиотека Задар, проф. Донев во едночасовното предавање на оваа тема и потоа едночасовното дружење и дискусија, побуди голем интерес кај присутните.

"Св. Климент имал за цел да гради објекти во кои луѓето би се описменувале. Зошто го негираме балканското, кога е тоа наше? Зошто го прифаќаме туѓото? Св. Климент Охридски заедно со Св. Наум го основал првиот словенски универзитет на кој студирале околу 3000 студенти. Св. Климент неморалноста ја сметал како спротивност на човечкото битие. Етичките расправи и денес се актуелни. За Св. Климент, мудрувањата и патот кон Бога се ширење на вистината за Господ. Св. Климент предизвикува Божји спас. Тој не бил во можност да дигне некој облик на револуција, но цел му била да основа православни народни цркви. Преку дијалогот што го водел ја ревидира глаголицата, на начин секој да може да го разбере зборот Божји. Писменоста го следи патот на вистината", рече д-р Дејан Донев и додаде: "8 октомври 2008 година е востановен како ден на Св. Климент Охридски во Македонија, но не само како светец, туку и како етичар и научник. Св. Климент изградил училишта за први подучувања на пишаното писмо и ги подучувал првите богослужители за потреба на бугарската црква. Многу од нив примиле духовен завет како свештеници за да го шират православството и литературата по цела Бугарија. Кај нас, за жал, малку училишта и факултети го носат ова име".

По исцрпното излагање се разви расправа и беа поставувани прашања на кои д-р Донев стрпливо објаснуваше и одговараше. Овој млад, 33-годишен човек со големо знаење, на сите присутни им даде духовна храна и поголемо просветление. Да се надеваме дека на овие наши хрватски простори и понатаму ќе пречекуваме што повеќе млади и учени Македонци.

Е. Лонгин

## СТРУМИЧАНИ НА РИЕЧКИОТ КАРНЕВАЛ

**Риека**: Овогодишниот 26. по ред традиционален карневал, таканаречен "Петто годишно доба" – доба на карневалот, доба на маскарадата и на маскираната власт, во градот на Риечина започна по новогодишните празници, а маскираното лудило траеше до 25 февруари. Како и секоја година, главниот настан се случи на 22 февруари на риечкото Корзо каде се одржа карневалското дефиле, предводено од Мештарот кој го презеде клучот на градот и "управувањето" со него, а покрај него во поворката беше Кралицата на риечкиот карневал со нејзината придружба: риечките мажоретки и 97 домашни маскирани групи, меѓу кои беа и оние од Италија, Црна Гора, Србија, Унгарија, Белгија и Македонија. Сето тоа резвесели скоро 100.000 гледачи кои цели седум часа ја следеа поворката.

По седумгодишното настапување на Вевчани на Риечкиот карневал, оваа година наместо нив, на карневалот од Македонија гостуваа Струмичаните. Карневалот во Струмица има долга традиција, дури го спомнува и патеписецот Евлија Челебија уште во 1670 година, кој минувајќи низ Струмица напишал: "Дојдов во еден град, расположен во полите на еден висок баир и видов како таа ноќ маскирани луѓе претрчуваа од куќа до куќа, низ смеа и писок и песна". Карневалот во Струмица сé повеќе почнува да прераснува во институција од интернационално значење, за што сведочи одржаниот конгрес на ФЕСС токму во Струмица. Струмичкиот карневал се одржува во рамките на тримерските денови, односно пред почетокот на Велигденските пости. Тие овде се претставија со групите: "Струмичките баварски госпоици и пет пивски шишиња" и "Африканското племе Зулу". Нивниот изглед, хуморот кој го толкуваа и музиката која ги следеше, меѓу другите групи оставија одличен впечаток, што го потврди аплаузот од бројната публика. Карневалското здружение носи име "ЅВЕЗДЕН ГРАД". Нивниот престој не беше само поради настапот на карневалот, туку и поради бројните контакти со месните маскирани групи и здруженија.



Во Риека на карневалот тој ден пристигнаа многу гости од цела Хрватска, но и од странство, беа организирани групни автобуски линии, специјален воз, но и многу поединечни авто гости – туристи, само со желба да бидат соучесници на ова, едно од најголемите карневалски светски чуда.

В. Настески

## Предавање на проф. д-р Васил Тоциновски

**Риека**: Во рамките на програмските активности на МКД "Илинден", на 19 февруари 2009, во просториите на Македонскиот клуб во Риека се одржа предавање за "Хрватскиот период од животот и дејноста на Георги Иванов Капчев". Предавач беше проф. д-р Васил Тоциновски, лектор по македонски јазик на Филозофскиот факултет во Риека и член на МКД "Илинден".

Предавањето на проф. Тоциновски беше посветено на кусиот престој на Георги Капчев во Загреб и за неговите дела постигнати во тој кус период кои се скоро непознати кај голем дел од неговите сонародници. Неговиот живот и работата на овој Охриѓанец, учен човек, научник, новинар, публицист и адвокат, заслужуваат подобро да го запознаеме. Но, некои непознаници сеуште се неоткриени. На Филозофскиот факултет во Риека со студентите ќе бидат одржани истражувања за да се дојде до нови сознанија за неговите дела, кои, најверојатно некаде се запрашени во Загрепската книжевна архива.

За Георги Капчев, Тоциновски ги изнесе неговите биографски податоци, но и делата кои Капчев ги создал во 19 и 20 век. Престојот кој го започнал во Загреб на 1 ноември 1898 година, бил по налог на ВМРО, со задача да ја шири вистината за Македонија. Во Загреб доаѓа со сопругата и со трите деца на голем ризик. Иако кратко престојува во Загреб (само три месеци), тој успеал да направи вистински македонски поттик. На страниците на "Обзор" и "Хрватска домовина" ги печати своите 50 статии со наслов "Глас за Македонија". Потоа, бројните негови трудови ги собира и печати во книгата "Македонија или гласот на робот". Една недела подоцна книгата доживува прво издание преведено на хрватски јазик, а наскоро потоа книгата доживува и второ. Со Георги Капчев, традицијата и континуитетот на Хрватско-македонските културни, образовни и политички врски се отвора нова староница на соработка. Тогаш немало на Балканот и пошироко во Европа ниту еден така развиен простор и таква почит за состојбата во Македонија и во Хрватска. Во Загреб ги издава првите три броја на весникот "Македонија", кој набрзо ќе биде забранет. Неговите ставови за македонското прашање биле причина австроунгарските власти да го изгонат од Загреб. Изданието на весникот го продолжува во Женева, каде се залага да се одржи "Македонски конгрес" во кој би учествувале реномирани европски научници, политичари и писатели. Но, неговите апели повеќе имале одзив во весниците "Обзор", "Хрватска домовина" и "Словенец" отколку во Европа.

Овој високо образовен човек со познавање на неколку странски јазици и вонредно добар аналитичар ги следи состојбите во Македонија, "без влакна на јазикот" бара од поголемите европски држави да се заложат и да го дадат единственото

можно решение за Македонија, да ја ослободат од канџите на Турската империја. Во своите дела тврди и пишува дека Македонците не се Бугари, ниту Срби, ниту Грци – туку автохтони Македонци. Овие теми се ретко присутни во нашата средина, па создаваат интерес за запознавање, особено од културното наследство на Македонија. Затоа, не беше чудно што слушајќи го излагањето на професорот, ги предизвика присутните да му оддадат признание со долг аплауз и честитки.

В. Настески

## Членовите на КУД "Бисер" од Кичево настапија во Хрватска

Членовите на КУД "Бисер" од Кичево на 13 мај 2009 учествуваа на смотрите на фолклор "Глинска Тамбурица", кои по трет пат годинава се одржаа во Глина, Република Хрватска.

- Како единствен претставник од Република Македонија достојно го претставивме нашиот живописен фолклор кој им се допадна на нашите домаќини, истакна претседателот на друштвото "Бисер", Младен Ванчоски.

Македонските фолклористи и вокалисти на смотрите на фолклор во Глина презентираа сплетови на игри и песни "Средсело", "Бркање на чумата" и "Ѓурѓовден".

МИА

## ЛИТЕРАТУРНА ВЕЧЕР ПОСВЕТЕНА НА "СОВРЕМЕНОСТ"



**Риека**: На 7 април годинава во просториите на Македонското национално малцинство во Риека, а во организација на ХКД од Риека и МКД "Илинден" беше одржана литературна вечер на која беше претставен првиот број на македонското списание СОВРЕМЕНОСТ, списание за литература, култура и уметност за 2009 година.

Списанието го промовираше неговиот главен и одговорен уредник, д-р Васил Тоциновски, кој притоа истакна дека претставувањето на "Книжевното перо" од Риека во македонското списание "Современост" е потврда за успешна хрватско-македонска соработка. Во списанието "Современост" се објавени неколку страници на "Књижевно перо", каде се застапени поетите Валерио Орлиќ, Жељка Јурчиќ – Клековиќ и Јосип Еуген – Шета, како и прозаистите Весна Мицулиниќ Прашњак и Ерние Гиганте Дешковиќ, проследени со ликовните прилози на Божидар Ерменц. Песните во превод на македонски ги читаше Ивона Дуноски, а прозните прилози д-р Васил Тоциновски.

Потоа настапија неколку автори, меѓу кои и Десимир Широла со исечок од неговиот роман "Изгубена битка", Душка Стојанац со една од нејзините најнови приказни, а Зинаида Кошевој ја претстави новата книга "Богатство на теретот".

Поетите беа бројни, па присутните имаа можност да слушнат многу наслови, тематски посветени на љубовта, природата, морето... Многу од песните се напишани на чакавски дијалект, што е разбирливо со оглед на нивното родно Приморско, претежно чакавско говорно подрачје. Своите песни ги претставија: Морин Кудиќ и Малвина Милета од Лабин, Марина, Татјана, Сањин од Риека, а риечанинот Божидар Буква ја рецитираше својата хаику поезија.

Литературната вечер ја водеа претседателката на МКД "Илинден", Ивона Дуноски и проф. д-р Васил Тоциновски, кои им заблагодарија на книжевниците за настапот, можноста да се слушне книжевниот збор, но и изборот литературната вечер да се одржи во просториите на Македонското национално малцинство.

В. Настески

## "ГАСТ 2009" ВО СПЛИТ

**Сплит**: Меѓународниот саем "ГАСТ 2009" се одржа во Сплит од 3-6 март 2009. Во рамките на саемот имаше неколку специјализирани саеми: саем на прехрана, вина и жестоки пијалоци, хотелска и угостителска опрема, мебел и туризам. На оваа манифестација, која ја отвори претседателот на Р. Хрватска, Стјепан Месиќ, се претставија стопанственици од 15 земји, претежно од Европа, Индија и Индонезија со 1269 излагачи, каде производителите и трговците ги претставуваат своите производи, склопуваат договори за соработка и ја промовираат земјата од каде доаѓаат.

Нашата татковина Македонија ја претстави производителите на вина: винаријата "Тиквеш" од Кавадарци, ВВ "Повардарие", "Езимит" и "Попова Кула". Сите тие се претставија на саемот на вина "Дионизиана", кој имаше натпреварувачки карактер, каде меѓународна комисија ги оценуваше квалитетот на виното, изгледот на етикетите и шишињата и ги прогласи најдобрите вина и жестоки пијалоци кои беа презентирани. Нашите претставници освоија по неколку златни, сребрени, бронзени медалји и признанија за своите квалитетни вина и ракии. Златна медалја добија вината "Chardonay" – Тиквеш, "Reisling" – Повардарие, "Cuvee white" – Езимит, "Cabernet" – Попова Кула и како специјални вина се прогласени вината на Тиквеш, "Muskat otonel" и "Temjanika SS".

Последниот ден, на 6 март, во хотелот "Le meridien Lav", винаријата "Тиквеш" одржа свечена презентација на која ги претстави своите најнови производи, линијата на висококвалитетни вина "Alexandria Cuvee". На оваа свеченост присуствуваа многу гости учесници на саемот, познати стопанственици и претставници од градот Сплит, новинари од весници, радија и ТВ. Исто така, и МКД "Македонија", со неколку свои членови имаше чест да присуствува на овој значаен настан.

Присутните гости ги поздрави директорот на управата, Светозар Јаневски, со зборовите: "Малку места на светот има каде луѓето му го посветиле своето постоење на грозјето и виното со намера да создадат уметничко дело. Веруваме дека такво чувство постои во Македонија и сакаме вечерва да ви пренесеме барем еден негов дел".

Винаријата "Тиквеш" произведува триесеттина висококвалитетни вина кои се познати во светот и половината од нивното производство се извезува во 35 земји на светот. Меѓу најпознатите се: "Т'га за југ", 15 вина во категоријата "Classic", 7 "Special selection", 4 вина "Limited edition" (се произведуваат во ограничена количина) и сега најновата линија "Alexandria Cuvee", која ги спојува аромите и карактеристиките на препознатливите сорти грозје од нашето поднебје.

Со вкусната вечера беа послужени трите врсти на "Alexandria Cuvee", бело, црно и црвено вино. За пријатната атмосфера на оваа убава вечер се потруди Маријан Бан, кој ги забавуваше гостите со своите песни и балади од Далмација. Во наградната игра која ја подготви "Тиквеш" со викенд во Македонија и разгледување на своите производни погони, го награди фоторепортерот на "Слободна Далмација", Јадран Бабиќ, неговиот колега, новинарот Бошко Вестиќ и нашиот Кирил Стоилов. Наградите им ги врачи Ана Станковска, која им вети дека во "Тиквеш" ќе бидат пречекани со познатото македонско гостопримство. И на крајот, домаќините им се заблагодарија на гостите и ги испратија подарувајќи им посебни пакувања од виното "Alexandria Cuvee".

В. Р. Ж.

## Приемот на Хрватска и Албанија во НАТО успех за целиот регион




Македонскиот министер за одбрана Зоран Коњановски, на 6 март годинава, во Загреб им честита на Хрватска и на Албанија за приемот во НАТО, што официјално се очекува во април, нагласувајќи оти нивниот успех е всушност успех и за целиот регион.

- Пред шест години заедно со Република Хрватска и со Република Албанија почнавме да го чекориме патот кон НАТО интеграциите. Во оваа прилика сакам да им честитам за нивниот успех, кој на денешната конференција беше прифатен како успех на регионот, нагласи Коњановски на заедничката прес-конференција по завршувањето на Неформалниот состанок на министрите за одбрана на земјите од Југоисточна Европа.

Напоменувајќи оти кон Јадранската повелба од декември минатата година се вклучија и Босна и Херцеговина и Црна Гора, Коњановски нагласи дека Македонија е подготвена да им помогне на овие земји на сите можни начини во насока на нивната интеграција во евроатлантските структури.

- Македонија е подготвена да им ги пренесе искуството и научените лекции, да работи заедно со тие две земји во насока на унапредување на односите и на безбедноста во регионот. Подготвени сме да ги пренесеме нашите искуства во однос на изготвување на плански документи и обука – појасни македонскиот министер за одбрана, јави известувачот на МИА од Загреб.

Коњановски истакна дека Македонија ќе продолжи и натаму да дава свој придонес во мировните операции во Авганистан. Тој на учесниците на состанокот им посочил дека Македонија, споделувајќи ги истите вредности со Алијансата, во континуитет ја потврдува својата политичка волја и способности за долготраен придонес во регионалната и во меѓународната безбедност со моментално учество во три меѓународни операции со околу 185 лица.

Хрватскиот министер за одбрана Бранко Вукелиќ на прес-конференцијата нагласи дека на состанокот била потврдена добрата волја на учесниците преку вакви разговори и дискусии да се придонесе кон унапредувањето на меѓусебната соработка, на мирот и стабилноста како во регионот, така и во светски рамки.

- Денешниот состанок ги потврди определбите на сите земји од регионот дека патот кон евроатлантските институции е единствен пат кој придонесува за натамошната стабилизација и за мирот во регионот, нагласи Вукелиќ. Тој напомена оти учесниците ја потенцирале потребата од натамошно зајакнување на меѓусебната соработка, како предуслов за решавање на сите отворени прашања, но и со цел таа соработка да биде важен фактор во заедничките настапи и учества во мировните мисии.

МИА

## Тупурковски осуден на три години затвор



Скопје: Васил Тупурковски поради злоупотреби со линијата тајвански кредити како директор на Агенцијата за обнова и развој на Р. Македонија, Основниот суд во Скопје го осуди на три години затвор. Неговиот тогашен помошник, Јован Андонов – Реган, од истиот суд е осуден на две години затвор.

Според пресудата Тупурковски на државата ќе мора да и врати 88 милиони денари, односно 1,4 милиони евра, а заедно со Андонов ќе мора да врати уште 62 милиони денари, односно нешто над милион евра.

Тупурковски на директорската функција дојде кога беше лидер на партијата Демократска алтернатива. Двајцата обвинети Судот ги обвини дека со злоупотреба на службената положба и овластување при делењето кредити од тајванската линија незаконски доделиле 20 милиони долари на приватни фирми. Во процесот во корист на осудените сведочеше и екс-премиерот Љубчо Георгиевски, кој потврди дека Циле и Реган имале согласност од владата, ама истата не била потпишана.

М. А. В.

# Студиско патување во Македонија

### *Македонските Риечани во неколкудневна посета на Македонија*





Студиското патување во Република Македонија, на претставниците на градот Риека и осумте советници на Советот на МНМ за Град Риека, беше остварено во периодот 8 до 14 март 2009 година. Патувањето мина "лесно" и кога веќе стигнавме во Македонија, со нетрпение, се упативме кон ресторанот "Скопски мерак". Од домаќините ни беше подготвена заедничка вечера и музика од нам познатите музичари кои во јануари годинава гостуваа во Риека.

Утредента, на 9 март, делегацијата на Риека го посети Градското собрание на Скопје, предводена од шефот на Канцеларијата за Град Риека, Ксенија Линиќ, каде се сретна со претставници на градот Скопје и беше примена од Гордана Иванова, претседателка на Градското собрание, со соработниците Мирјана Апостолова, раководител за меѓународна соработка и фондации и Слободан Ќосев, раководител на секторот за развој, а присуствуваа и претставниците на Советот на МНМ за Град Риека со претседателот Михаило Давчевски. Во едночасовните разговори гостите од Риека им ги образложија законските прописи на Хрватска кои функционираат на ниво на локалната самоуправа, начинот на финасирање на малцинствата и некои од проблемите кои се решават во соработка со Европската унија. Домаќините говореа за нивните законски решенија за локалните, градските и републичките обврски кон малцинските здруженија, за кои рекоа дека постојат и законски прописи, но финсирањето воопшто не функционира, што се поврзува со моменталната економска состојба во Македонија. Средбата заврши со размена на подароци, а за спомен Давчевски им врачи монографија на друштвото "Илинден 1991-2006".

Потоа, следеше посета во МНР на Македонија каде на делегацијата им се придружи амбасадорот на РХ во Македонија, Иво Кујунџиќ. Беше разговарано за малцинските проблеми и потреби во Хрватска и во Македонија, за нивната организираност, помошта која им се дава на локалните и на државните органи и што треба да се стори за да тие бидат материјално и финасиски потпомогнати за нивните културни и духовни потреби.

Агенцијата за иселеништво со која со години риечките Македонци имаат добри односи и соработка, беше следното место каде што делагацијата се сретна со своите домаќини, а на која присуствуваа и претставниците од Хрватската заедница во Скопје. Ксенија Линиќ, во име на делегацијата, ги поздрави директорот Васил Наумов со соработниците. Во неформалните разговори се зборуваше за потребите и можностите кои агенцијата би можела да им ги понуди на малцинските здруженија надвор од Македонија.

Делегацијата од Риека во вечерните часови беше срдечно и пријателски примена во просториите на Хрватската заедница во РМ, а присуствуваше и амбасадорот на РХ во РМ, Иво Кујунџиќ. Предмет на посетата беше запознавање со начинот на кој се организирани и како функционираат малцинските здруженија на ниво на локалната самоуправа во РХ, но и положбата и начинот на организираноста на хрватското малцинство во Македонија. Сњежана Тројачанец, претседателка на Заедницата на Хрватите во Македонија, се заблагодари за посетата. Заклучок на средбата беше здружениајта на обете страни да склучат инплементација на "Спогодбата за заштита на македонското национално малцинство во Хрватска и на хрватското национално малцинство во Македонија", но и да се воспостви што почеста меѓусебна соработка за добробит на обете страни.

Следниот ден делегацијата го посети Штип, каде љубезно и срдечно нé пречека штипскиот градоначалник, Панде Сарев, со соработниците, кој притоа го претстави својот град како еден од побогатите индустриски градови во Македонија, познат по текстилот, винарските визби, кожарската и дрвната индустрија, бројните културни манифестации, туристичките капацитети, но и многу други историски споменици, а особено ранохристијанскиот град Баргала. Градот брои 50.000 жители, меѓу кои се регистрирани и 164 Хрва-





ти, добро организирани, и за кои градот се грижи и ги помага во нивните активности. И овде се говореше за воспоставување на поконкретни односи на соработка меѓу Штип и Риека, а претседателот на Советот од Риека, Давчевски, упати покана до штипското фолклорно друштво да гостува на овогодишниот собир на Македонците во Хрватска на Илинден. Неформално разговорите продолжија на заедничкиот ручек приреден од градоначалникот, каде се придружија и гостите од Македонската заедница од Белград која дента со градот Штип потпиша Спогодба за културна соработка.

Следната дестинација беше посетата на археолошкиот локалитет “Стоби”, кој беше најголемиот град во северниот дел на Провинцијата Македонија во Римско време. Во локалитетот се задржавме еден час во придружба на стручниот водител, археологот Методија, кој нé запозна со старите и со новите ископини, на кои сега работат преку 350 работници и археолози, а за што Македонија добива значителни средства од ЕУ.

“Наоружани” со сувенири од продавницата на Стоби, патот го продолживме кон Прилеп, каде кусо се задржавме за да ручаме во ресторанот “Чин-чин”, чиј сопственик е братот на Владо Настески, кој ни понуди една од прилепските угостителски специјалитети “Ширден”. Во Крушево брзо стигнавме. Град на н.в. од 1400 метра, каде е формирана Крушевската република, но во поново време познат по последното почивалиштe на Тоше Проески, рано починатата естрадна ѕвезда. Временските прилики ни ги намалија можностите за подетално разгледување на Крушево, освен средбата со градоначалникот, посетата на Градскиот музеј и полагањето на венец на гробот на Тоше. Густиот снег нé натера да побрзаме кон Битола.

Во хотелот “Де Ниро” добредојде на делегацијата им посакаа шефот на Канцеларијата на општината Битола, Ѓуро Илиќ, конзулот на РХ во Битола, Бранко Маретиќ и членовите на битолскиот Огранок на Заедницата на Хрватите во РМ, Миљенко Клисуриќ, Ѓорѓе Серциќ и други. Во име на Риечката делагација се заблагодари Ксенија Линиќ, која посебно ја нагласи целта за посетата на Битола. Вечерта мина во неформално дружење каде продолжија разговорите и се зборуваше за животните прилики во двете земји.

Следниот ден се одржа состанокот со градоначалникот на Битола, Владимир Талески при што се дефинираа обврските на градските тела за збратимување меѓу Риека и Битола. Ксенија Линиќ го искажа задоволството за дадената иницијатива и нагласи дека предлогот го поддржува и е прифатен од страна на Одборот за меѓуградска и меѓународна соработка на градот Риека. Претседателот на Советот, Давчевски, му ја подари на градоначалникот Талески монографијата “Илинден – 1991-2006”.

“Ви благодарам што одлучивте во своето студиско патување да го посетите нашиов град, градот со кој се гордееме, поинаку речено, еден од најстарите градови во Европа, кој со своето културно наследство и единственото Охридско езеро му припаѓаат на Светското природно и културно наследство на УНЕСКО”, беа зборовите со кои нé пречекаа во големата Градска сала во општината Охрид каде нé угости градоначалникот Александар Петрески со своите соработници. Оваа средба ни пружи можност да го запознаеме Охрид низ неговите бројни културни споменици. Ернес Цукров му заблагодари на градоначалникот во име на делегацијата, му ги пренесе поздравите од риечкиот градоначалник со желба што поскоро да се остварат туристички контакти на релација Риека – Опатија – Охрид, но и надеж дека големите стопански предиспозиции на Риека ќе најдат место и на овие простори на Македонија.

Утрото на 14 март ја напуштивме Македонија, збогатени од средбата со татковината и со своите сонародници, со надеж и желба што поскоро да се вратиме.

Владо Настески



# КИРИЛ ЛАЗАРОВ
# Човек кој не сака да се наметнува ама победува

*Со титулата најдобар стрелец на досегашните светски ракометни првенства "Златното момче", како што го нарекуваат во медиумите, за "Македонски глас" одговори на неколку прашања за неговата кариера и за приватниот живот.*



**Како почна Вашата спортска кариера?**

Многу одамна, кога бев мал, поточно на години на кои не се препорачува почеток за спортистите. Значи, почнав уште како ученик во четврто или петто одделение. Татко ми беше ракометар во тогашната југословенска лига, играше бек, па јас, сакал или не, постојано бев со него на неговите тренинзи или натпревари. Сигурно тогаш спортот ми "влезе во крвта" па почнав да гледам, да учам, да му се посветувам на ракометот. Тоа е токму една од најбитните причини зошто ракометот го избрав за своја животна професија.

**Каде ја започнавте Вашата ракометна кариера?**

Професионално почнав во мојот роден град Свети Николе каде ме забележаа стратезите и добрите познавачи на овој спорт, па на 15 години, кога нашата држава веќе беше самостојна и се одржуваше македонско првенство каде нашиот клуб стана шампион на Македонија, добив одлична понуда која веднаш ја прифатив и почнав да играм за "Борец" од Велес. Потоа следеа моите неколку години како играч на ракометниот клуб "Пелистер" во Битола.

**Веќе извесно време сте член на ракометниот клуб "Загреб". Како Ве прифатија клупските колеги и како се чувствувате на овие простори?**

Во Загреб настапував и во 2000 и 2001 година, каде ја започнав својата интернационална кариера. Потоа, заминав во Унгарија каде играв пет години и пак се вратив во Загреб. Од моите поранешни искуства веќе имав слика за тимот и играчите каде што играм сега, па морам да бидам искрен дека едвај чекав да ме повикаат во РК "Загреб".

**Кои се Вашите најдобри колеги и пријатели во Загреб?**

Сите ние сме си добри. Ова не е поединечен спорт па сите треба да "дишиме" заедно. Затоа и постигнуваме така добри резултати кои стојат зад еден сплотен колектив.

**Веќе две години со семејството живеете во Загреб. Можете ли да ни кажете како ве прифатија соседите Хрвати?**

Што знам. Јас сум човек кој не сака да се наметнува со мојот ракомет и професионалност. Ја имам научено лекцијата за живот во друга средина и не сакам луѓе што се наметнуваат покажувајќи дека се најдобри, најубави, најуспешни... Кога ќе ги покажеш своите резултати сите ќе ти приоѓаат. Тоа е многу послатко. Според моите согледувања,





добро сум прифатен од средината каде што сега живеам.

**На неодамна завршеното Светско ракометно првенство бевте прогласен за најдобар стрелец во историјата на светските првенства. Како го доживеавте ова признание?**

Морам да бидам искрен и реален. Ние како мала држава 10 години не се имавме пласирано ни на едно светско ракометно првенство, па кога дојде квалификацијата во Египет сите имавме соништа да бидеме забележани, популарни, најпаметни. Тие времиња минаа, сé до Светското ракометно првенство во Хрватска. Како колектив игравме максимално добро, а “наши крилја” беа 4.000 навивачи кои нé следеа на натпреварите во Вараждин и во Задар, што ни беше голема мотивација и дополнителна сила на паркетот. Така јас кој доаѓам од една мала држава и мала репрезентација, успеав да бидам надобар стрелец. Тоа навистина не го очекував. Секако ми беше драго.

**Се дружите ли во Хрватска со своите Македонци?**

Добро е што нé има многу. Немам толку многу слободно време да се дружам со нашите Македонци, но секако имам неколкумина пријатели. Пред сé, нашиот отец Кирко Велински (со кој се спријателивме и фамилијарно) па колку што ни допушта слободното време знаеме да се собереме и си поприкажеме. Често со нас е и Невен Сукаровски од претставништвото на “Алкалоид” во Хрватска. Многу луѓе ми се јавуваат па, кога имам време, со секој од нив ќе испијам кафе на “пет минути”.

**Оженет сте со Љубица и татко сте на син и ќерка. Како тие гледаат на Вашата кариера и честите отсуства од домот?**

Мојата сопруга е на последната година на Медицинскиот факултет. Син ми Благојче има 3 години, а ќерка ми Лана година и три месеци. Во животот сé е навика. Многу и недостигам на мојата сопруга и, поради сето она што таа треба да го направи за нашето семејство во последниве 10 години, е “жртва” за мене и за нашите деца. Ама има и големо разбирање за професијата што сум ја избрал. Таков е и нашиот семен договор: додека сум во овие професионални води ќе функционираме вака, а потоа ќе уживаме во вистинскиот семен живот.

**Од натпревар на натпревар, од првенство на првенство... Имате ли барем малку време за себе?**

И покрај тоа што имам премногу обврски, а малку слободно време, секогаш се наоѓаат некои мигови за себе. Така, со децата се шетам по загрепските паркови, да потрчам со нив, а со сопругата, кога ни доаѓаат гости од Македонија – мислам на бабите што можат неколку часа да ги почуваат децата, си одвојуваме време и за нас па тогаш можеме да одиме до центарот на Загреб, во кино, или во театар.

Марина Апостоловска – Вујаклија

# ВО ДУХОТ НА ТРИ ЈУБИЛЕЈА

## 15 години на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек
## 6. ОСИЕЧКА МАКЕДОНСКА ВЕЧЕР и 20 години на групата „Боеми“ од Битола



*“Боеми” уште еднаш ја дигнаа публиката на нозе*



*Младите членови на МКД од Осиек*

“6. Македонска вечер” во Осиек на 7 март оваа година се одржа успешно и весело во прекрасниот амбиент на “ЗОО” хотелот. За пријатната атмосфера се погрижија членовите на групата “Боеми” од Битола, зајакнати со новиот член Стефа Тасевски на саксофон. Седумте виртуози на своите инструменти, со прекрасните вокали достојно го прикажаа македонското народно и новокомпонирано творештво и го потврдија своето 20-годишно успешно естрадно дејствување. Нивниот 20 годишен јубилеј беше убав спој со 15 годишниот јубилеј на македонското културно друштво “Браќа Миладиновци” од Осиек.

Авторката на овој текст, во улога на претседателка на Друштвото, ја отвори оваа културна манифестација поздравувајќи ги сите 300 присутни гости, не само од Осиек, туку и од Б. Манастир, Дарда, Биље, Валпово, Ѓаково, Михољац, но и од Белград и Тузла. Посебно им се заблагодари на почесните гости: амбасадорот на РМ во РХ, Н.Е. Данчо Марковски и советникот na Амбасадата, Данчо Петровски, градоначалниците на Осиек и на Нашице, Анто Ѓапиќ и Крешимир Жагар, претседателот на Заедницата на Македонците во РХ и претседател на МКД “Македонија” во Сплит, Ангел Митревски, претседателката на МКД “Илинден” од Риека, Ивона Дуноски, членките на Градската управа на Осиек, Мирјана Смоје и Осиечко-барањската жупанија Гордана Кибл, како и претставници на српското, црногорското и бошњачкото малцинство, со што се потврдува дека оваа манифестација не е само културна туку и мултикултурална.

Потоа, во своето обраќање, амбасадорот Д. Марковски се осврна на Штросмаер, на времето на Илиризмот и браќата Миладиновци кога најповеќе живеела сесловенската идеа во словенските народи. Градоначалникот А. Ѓапиќ го нагласи мостот на спојување на двете етнички заедници и поврзување на националните малцинства во двете држави, а меѓу другото рече: “Секоја култура е посебна и вредна на свој начин, а преплетувањето на различностите на едно подрачје може да го збогати човекот, но и народот, особено ако се блиску поврзани со сесловенското потекло и старословенскиот јазик”, истакна на крајот. На присутните им се обратија и А. Митревски, К. Жагар, како и претставниците на МНМ за Град Осиек и Осиечко-барањската жупанија, Марија Чинчурак и Драгољуб Сиљановски.

По протоколарниот дел на манифестацијата, кормилото на музичкиот брод го презедоа најмладите членови на



Друштвото “Малиот Танец” кои предводени од водителката Слаѓана Бошњаковиќ го изведоа “Пајдушкото оро”. “Бисерчињата” со солистот Давид Ѓорѓиески под водство на Сања Бузаџиќ, заедно со постарите пејачи од “Вардарки” ги нижеа најпознатите македонски песни. Сите гости запеаја, но и заиграа. Снагата на македонскиот дух, македонските носии со сета убавина на везовите и боите, музиката полна со богати мелодии и ритми на југот, дигнаа на нозе и младо и старо.

Со почит кон втората ни татковина, “Боемите” изведоа и хрватски песни. Им се придружи и солистот од Осиек, редовен посетител на македонските вечери, Роберт Јаман.

Богатата вечера (секако со традиционалното тавче-гравче, томболи од несебичните спонзори, богатиот репертоар песни и ора, раните утрински часови ги сплоти сите како да пеат во еден глас, на еден јазик и играат со еден чекор без оглед дали се во Македонија или Хрватска.

Текст: Јагода Тренеска Цветичанин
Фото: Фото “Кешо” Осиек



*Македонците од Осиек во разиграна атмосфера*



*А. Ѓапиќ со челниците на амбасадата на РМ во РХ*

## ВОСКРЕСЕНИЕ ХРИСТОВО – ВЕЛИГДЕН ВО ЗАГРЕБ И СПЛИТ





И оваа година верниците на Македонската Православна Црква достојно го прославија најголемиот христијански празник – Велигден.

Богослужби по повод Велигден се одржаа во Загреб, во црквата Свети Рок, во Сплит, во црквата Богородица од Ангелите, каде што богослужеше парохискиот свештеник протојереј Кирко Велински, во Пула, во фрањевачкиот самостан Свети Фрањо Асишки и во Риека, во црквата Свети Фабијан и Себастијан, каде богослужеше отец Стефчо Беќарски, старешина на црквата Свети Јован Крстител во населбата Капиштец во Скопје, Р. Македонија, кој со благослов на Митрополитот Европски, господин Пимен, допатува за велигденските празници и богослужеше во Пула и Риека.

Велигденското торжество почна на 2 март со почетокот на велигденските пости, во кој период верниците преку молитва, пост и исповед се подготвуваа на денот на Воскресението Христово да се причестат и со тоа да се соединат со воскреснасиот Господ Исус Христос. Верниците пак, на Македонската Православна Црковна Општина Св. Злата Мегленска од Загреб и околината, и оваа година масовно присуствуваа на Голем петок и со побожност се поклонуваа и протнуваа под плаштаницата на која е прикажано Христовото полагање во гроб. На самиот ден Велигден црквата беше претесна да ги собере верниците, а за голема радост за сите имаше многу млади и дечиња.

И оваа година, за Велигденските празници во Црковната Општина Св. Наум Охридски во Сплит, парохискиот свештеник по богослужбата ја прочита посланицата од поглаварот на Македонската Православна Црква, г. г. Стефан и ги пренесе поздравите од надлежниот Епархиски Архиереј г. Пимен. Покрај полната црква на богослужбата присуствуваа Дон Анте Анчиќ и пречасни Анте Ждериќ од Католичката црква. Оваа година по богослужбата на крајот, новоизбраните и потврдени членови на Управниот одбор положија заклетва.

Во сите градови каде што беше отслужена света литургија, црквите беа посетени, а тоа е резултат дека нашиот македонски народ без разлика каде се наоѓа во светот, не заборавил од кеде е и што е, а што е најважно за еден народ и света должност пред нашите предци, и од друга страна, сериозноста и трудољубивоста на членовите на црковните управи и членовите на македонското културно друштво “Илинден” од Риека.

О. К. В.

## НА ВЕЛИГДЕН ВО РИЕКА

Верниците на Македонската Православна Црква кои живеат во Приморското подрачје во Р. Хрватска и оваа година све-





чено го одбелажија Велигден, најголемиот верски празник, кој според православието временски се одбележува по Јулијанскиот календар. Во многу цркви празнувањето започна со свечена литургија, па така и во Риека, во црквата "Св. Себастијан и Фабијан", гостинот од Р. Македонија, свештникот Стефчо Беќарски одржа литургија за своите православни верници од МПЦО "Св. цар Константин и царица Елена" на 19 април 2009.

Литургијата ја започна со честитка до сите православни верници, а особено до припадниците на Македонската Православна Црква во Хрватска, најголемиот христијански празник Велигден, со традиционалниот поздрав "Христос Воскресе". Свештеникот по свечената литургија и прочитаната посланица од г.г. Стефан на верниците им ја упати пораката, при што рече:

- Нека љубовта, која секогаш била причина што Христос ги трпел маките и смртта за нас, само од љубов, да остане со нас и во нас, но и да ја делиме со другите, пружајќи ни морална помош. Ние Македонците, како што и досега бевме миројубив народ, треба и да понатаму да останеме такви кон сите народи во Хрватска, беше дел од пораката на свештеникот Стефчо Беќарски, кој ја искористи приликата да и заблагодари на хрватската Влада и на Католичката црква за сé што чини за македонските православни верници како би се чувствувале равноправно со другите во Хрватска.

Во просториите на Македонците во Риека потоа беше продолжено со велигденската трпеза, кршењето на благословените јајца, но и со мрсење и вкусување на пригодно велигденско зајре, со меѓусебните размени според старите верски обичаи на вакви свечености.

В. Настески

## ВЕЛИГДЕН ВО ПУЛА

Уште во утринските часови, верниците на Истарска жупанија брзаа кон просторот на Македонската православна црковна општина „Св. Јоаким Осоговски" на Град Пула и Фрањевачкиот самостан, каде се одржа Литургија по повод најголемиот христијански празник Воскрсение Христово – Велигден. Заеднички се помоливме на Воскреснатиот Господ Исус Христос на 19 април 2009 година. Верниците се прегрнуваа и си го честитаа празникот со вообичаениот поздрав „Христос Воскресе". Богослужеше отец Стефчо Беќарски, кој дојде од нашата татковина – Р. Македонија и воедно ни ги пренесе поздравите од Скопје и од нашиот парохиски свештеник, протојереј Кирко Велински. Многу верници се причестија, а меѓу нив беа и членовите на работните тела на МПЦО. Во Пула верниците секогаш достоинствено ги прославуваат православните празници. По свечениот настан, дружењето продолжи во просториите на Советот на МНМ за Град Пула.

Каде и да сме, овој голем Ден го славиме, она што го носиме во душата, она што ни го оставиле нашите баби и дедовци, нашите родители, мораме да го чуваме и попкрепуваме – да не се заборави. Драги верници, нека не зближуваат овие големи денови за да не ја заборавиме нашата вера и нашите традиции, кои треба да ги пренесуваме на нашите деца. Како што би рекол протојереј Кирко Велински: „Заедно да ја запееме победоносната Велигденска песна, Христос воскресна од мртвите, со смртта ја победи смртта и на оние во гробовите живот им дарува".

Милена Златеска

## ВЕЛИГДЕНСКА ПРОСЛАВА ВО ЗАГРЕБ

Денот на Христовото Воскресение – Велигден е најголем и најстар христијански празник за верниците на Македонската Православна Црква, симбол за вечноста и победа на животот над смртта, кога Исус





Христос ја докажал својата божествена моќ и воскреснал од мртвите. Велигден е суштината на христијанството и потврда на самата вера, кога луѓето исполнети со празнична благодат на Воскресението, духовно се обновуваат и обединуваат.

Оваа година, освен со молитва и литургија во црквата, тие го прославија и со заедничко дружење во просториите на МКД „Охридски бисер" во Загреб. Почитувајќи ги традиционалните обичаи и адети, Друштвото на 20 април организираше „Трпеза на љубовта" на која беа повикани сите добронамерници да си пружат рака и со поздравот „Христос Воскресна – Навистина Воскресна" да си посакаат мир и слога, меѓусебно разбирање и единство. Претседателот на Друштвото, Благој Штерјов, срдечно ги пречекуваше добредојдените гости, меѓу кои беа и амбасадорот на РМ во РХ, Данчо Марковски и советникот Данчо Петровски со сопругите, нудејќи им чашка ракија и погача.

Главното место на Трпезата го украсија велигденските црвени јајца, чија црвена боја ја претставува божјата сила и моќ, а воедно ја симболизира и христовата крв, која Исус ја пролеал на крстот за спасение на сите луѓе на земјата, додека самото јајце претставува симбол на животот. Затоа, посебна радост по големите пости е и обичајот на кршење со јајцата и омрсување. Гостите во добро и празнично расположение запеаја и неколку староградски македонски песни во придружба на звуците од старите грамофонски плочи што будеа носталгија за родната македонска грутка.

Е. П.

## Воскресение Христово (Велигден)

Велигден, или празникот на Христовото воскресение е дефинитивно најголемиот христијански празник. Страдалната седмица заврши со новиот ден, денот на воскресението. Ние сме навикнале да ја делиме делата на седум дена. Но, денес се установува тајната на осмиот ден, т.е. идниот ден, кој треба да дојде за никогаш да не заврши како што завршува секој ден на ова наше време. Христовото станување од мртвите е потврда на сите негови зборови, на сите негови ветувања. Подоцна апостол Павле ќе зборува: Ако Христос не воскреснеше, ќе беше залудна вашата вера, ќе беа залудни вашите надежи, зашто ќе верувавте и ќе се надевавте напразно. И навистина е така, бидејќи Христос не ветуваше привремена поправка на нашите животни услови, како што ветува на пример некој политичар или економист и кој ги проучил космичките закони па вешто се раководи според нив, туку ветуваше една сосема нова реалност, како креатор кој е моќен и способен да ја создаде таа реалност, поинаку кажано, како господар над животот и смртта. Утрото на третиот ден од Христовата смрт до неговиот гроб дојдоа прво жените мироносици и ја најдоа тргната плочата што го затвораше гробот. Внатре во гробот сретнаа еден пресветол ангел кој им ја кажа веста за Христовото воскресение. Оваа вест оттогаш секоја година ја објавува Црквата низ целиот свет, како најрадосна вест за целиот човечки род.

## Порака по повод Велигден од архиепископот охридски и македонски г.г. Стефан

Возљубени,

Велигден е празник на преродбата и животот! Таму кај што има преродба и живот, има и љубов, зашто животот е плод на љубовта. А ние денес, за да ја разбереме жртвата на љубовта, треба да сме вистински христијани: да сме богољубиви и човекољубиви, да си ја чуваме верата, да правиме добри дела, да внимаваме и на мислите, и на зборовите, и на постапките...

Во овие празнични мигови да ја почувствуваме радоста што ја имаат оние кои веруваат во воскресение и живот во Господа и да им се придружиме на оние коишто веруваат во воскреснатиот и вечно живиот Бог.

Воскресението Христово – Празникот над празниците да го доживееме и да го поминеме серадосно – велигденски како народ на верата и народ Божји, и овде во Татковинава и насекаде каде што нѐ има по светот.

Да се молиме на воскреснатиот Господ, секој посебно и сите заедно, за да доживееме и сопствено воскресение!

Христос воскресе! Навистина воскресе!

МИА

# ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО ПУЛА И ИСТРА





Концептот за годинашнава прослава на четиринаесеттите по ред Денови на македонска култура во Пула и Истра се разликуваа од досегашните: случувањата на репертоарот на програмата почнаа на 20 март 2009 со средба во Ректоратот во Пула со Ректорот на Пулскиот универзитет "Јурај Добрила", проф. д-р Роберт Матијашиќ, со водителот на Лекторатот за македонски јазик при Универзитетот во Риека, лекторот проф. д-р Васил Тоциновски, а во присуство на претседателот на МКД "Кочо Рацин" Зоран Петровски, и Ратко Димовски, автор и потписник на овој текст.

Разговорот протече во релаксирана атмосфера, при што без многу анализи се најдоа допирни точки на заедничките познанства, врски и интереси. Придонес на ова, несомнено, му дадоа одреден број случувања и анегдоти од заедничките среќавања и активности. Средбата беше оценета како успешен почеток на новите случувања на меѓу универзитетските односи и соработка.

По средбата започна симпозиумот "Јазикот и културата на народите, како штит пред елиминаторните процеси на глобализацијата" на кој лекторот по македонистика, проф. д-р Васил Тоциновски, стручно, квалитетно и мошне впечатливо го презентираше материјалот од ова чувствително подрачје. Без оглед на возраста, стручната, кадровската и друга подготовка, социјално, национално и друго потекло и определение, сите што присуствуваа на симпозиумот, беа внимателни и заинтересирани слушатели, кои подготвија и одреден број прашања, што му ги поставија на предавачот.

По завршувањето на средбата, проф. д-р Васил Тоциновски се обрати со зборовите: "Татковината се сака со сето срце, што ни е добро познато, но уште поголема задача ни е да ја браниме и одбраниме! Голем придонес на тој план е да се говори, пишува и чита на мајчиниот јазик; тука е дел од големината на делото, стихозбирката "Мозаик на опстојноста" на авторот Ратко Димовски, која овој пат ќе ви ја претставам, како и нејзиниот автор." На оваа тема, претседателката на Советот на МНМ за Град Пула, Мирјана Дика, постави прашање: "Каква е општествената роља на малцинскиот автор во дијаспората кога пишува на својот јазик?" Изнесувајќи ги видните примери на македонските автори во дијаспората, проф. Тоциновски го оцени овој акт како пример на смел, патриотски истап, кој треба несомнено да се следи, но и на авторот му преостанува задача пораката да ја пренесе на младите, со што ќе си осигура свои следбеници, кои и се во овој момент потребни на татковината.

Шест дена подоцна, на 26 март, во просториите на МКД "Илинден" во Риека, проф. д-р Васил Тоциновски повторно ја претстави стихозбирката "Мозаик на опстојноста" на Ратко Димовски, кога присуствуваа и неколку истакнати претставници на кварнерската и хрватска литературна мисла. Во изјавата на авторот Ратко Димовски беше назначено дека културната мисија на членовите на МКД се подготвува во нивните простории, слично како со бродовите во пристаништето, кои си го товарат товарот, но ништо нема без пловидба и размена, така и оваа средба е вид на културна размена во рамките на ИВЦ. смотра на "Денови на македонската култура во Пула и Истра". Во рамките на оваа манифестација планирани се предавањата: "Феноменот на театарот во Македонија", "Македонските филмски достсрели", "Ѓерѓефот, иглата и воздишките", како и концерт на сериозна музика и изложба на везови, македонски народни мотиви и ракотворби. "Од котлето, до грнето и вршникот" е стручен осврт на традиционалната македонска кујна, готвење и специјалитети. Предвидени се културни размени со другите МКД од Р. Хрватска, настап на фолклорот и пејачката група "Ленка", како и многу други содржини со кои ќе се исполни овој период, сé до 24 мај, Денот на просветителите – солунските браќа Св. Кирил и Методиј, кога со МКД "Илинден" е планиран заеднички излет во "Алејата на Глагољашите" и во Хум и во Роч.

Ратко Димовски

# МАКЕДОНИЈА СИ Е МАКЕДОНИЈА

***Денес во Хрватска има многу Македонци. Причина за животот во туѓина далеку од родниот крај, едни нашле во подобрувањето на својата материјална егзистенција, други во усовршување на своето образование и дошколувањето, додека пак некои, во љубовта. Токму љубовта беше причина и определба за пресвртница во животниот пат на нашата Вики.***





Виолета Штерјова е родена на 15 октомври 1948 година во средиштето на познатите македонски плантажи со ориз, во с. Крупиште близу Штип, во семејството Костадинови како прво дете на Ванчо и Славица, а подоцна се родиле братот Стојче и двете сестри, Николина и Верица. Детството го минува во родното место каде запишува основно училиште, но со преселбата во Скопје таму и го завршува. По катастрофалниот земјотрес во Скопје, таа со семејството се враќа во Штип и таму продолжува да живее завршувајќи средно образование во гимназијата "Славчо Стојменски", а подоцна се вработува во сметководството на фабриката за чоколади и бомбони "Европа". Тогаш го запознава Благој Штерјов, исто така по потекло од Штип, кој студирал и живеел во Загреб. Веднаш меѓу нив се раѓа голема љубов и по венчавката, во 1975 година Виолета со него заминува да живее во Загреб.

- По доаѓањето во Загреб, во 1976 година, се вработив во градежното претпријатие "Мозаик", каде како референт и благајник работев сè до 1998, кога по приватизацијата сите добивме отказ, па морав да се пријавам во Заводот за вработување. Таму ја дочекав и пензијата која не е голема, но сепак некако успеваме да преживееме, вели Вики.

На прашањето со што се занимава во слободното време, Виолета одговори дека секој вид на ракотворба е тоа што ја смирува и исполнува. Везе, плете, шие, но како и на секоја вистинска домаќинка, кујната и е најважна. Таа тука царува, а нејзините штипски деликатеси сите со право (и со полна уста) ги фалат.

– Да имаме во Друштвото кулинарска секција, секако би ја водела. Уживам да готвам и солено и слатко, особено ако се работи за македонски специјалитети. Но, вака сум член само на етно работилницата "Разбој". Инаку, во МКД "Охридски бисер" зачленета сум уште на основачкото Собрание, а денес сум секретар и благајник на Друштвото и задолжена сум за сите административни и организациски работи, таа гордо изјавува.

- Воедно, ја користам оваа прилика да ги повикам сите заинтересирани, а посебно младите, да дојдат, да се зачленат во Друштвото и да се активираат во секциите и манифестациите, зашто ние постарите веќе не можеме да постигнеме сè да направиме.

Во разговорот што го водевме, Вики имаше само убави зборови за животот во Хрватска. Раскажуваше за бројните пријатели кои ги запознала и со кои се другжела сите овие години и тоа не само Македонци туку и Хрвати, Бошњаци... Често патувала и заедно со сопругот Благој имаат прошетано низ цела Хрватска. Но, Македонија си е Македонија и корените не се заборавaат. Секогаш се јавува прикриена носталгија и желба да се посети родниот крај барем еднаш годишно.

- Ја сакам мојата Македонија, но се навикнав на овој живот во Хрватска. Добро ми е и задоволна сум. Имам само уште една неисполнета желба, а тоа е да успееме со Благој да си го решиме стамбеното прашање. Сега живееме во еден сутеренски стан, но како минуваат годините, условите за живот во него стануваат сè потешки. Се надевам дека наскоро и тоа ќе го оствариме со помош на компетентни луѓе кои изразија волја да ни помогнат, за што од срце им благодарам. А, се разбира, пред сè, здравјето е најважно.

А јас на крајот би додала: Желбите и постојат за да се исполнуваат! Затоа, на нашите Виолета и Благој да им посакаме добро здравје и уште подобар живот во новиот стан. Нека им е со среќа!

Елизабета Петровска

# Мојата Македонија

***По повод врачувањето на титулата почесен доктор (Doctor Honoris Causa) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на Борис Павловски, професорот ја прочита оваа беседа, која „Македонски глас“ ја објавува интегрално***



Стојам овде пред вас, нервозен и возбуден, почестен со ова признание на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” и си наликувам сам себе си на онаа трепетлика од песната на Гане Тодоровски, иако повеќе би сакал да сум лирскиот субјект од песната “Тишина” од Славко Јаневски на кој му се обраќа поетот, наговарајќи го на молк, зашто “Афионот не ги сака зборовите”. А можеби за мене подобро би било да сум “Череп на дланка” од здравицата на истиот поет што го испрати македонскиот Итар Пејо на компаративна дружба со Петрица Керемпух од Мирослав Крлежа.

Стојам овде пред вас, надевајќи се дека ќе умеам да ги опишам сите аспекти на мојата Македонија што ме доведоа до овој момент, а што буквално ќе го паметам како еден од највпечатливите во својот живот. Ама, за да го преживеам, а верувам дека ќе го преживеам, треба да ги издржам овие два часа нервоза и возбуда, за овој пат да станам, и до крајот на животот да бидам Doctor Honoris Causa што ми претставува особена чест и задоволство.

Оваа чест веројатно ја должам на една средба со господинот професор Петар Кепески на плоштадот Мажураниќ во Загреб, кој ме упати кон ова место на кое стојам денес. Пред триесет години, на автобуската станица на Маруликќевиот плоштад, место со преубав парк опколен со стебла на диви костени каде што играв како дете, професорот ми понуди асистентско место на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Загреб. Ме покани да дојдам на Катедрата што прв ја водел академикот Иво Франгеш, а потоа Петар Кепески, кој лично го испратив на вечен почин од неговиот дом каде што ненадејно умре, во едно снежно зимско утро на почетокот на декември, илјада деветстотини осумдесеттата, оставајќи ми ја големата одговорност за развој и унапредување на македонистиката во Хрватска.

Својата вознемиреност и намерите во врска со македонистиката од тој миг кој трае до денес почнав да ги споделувам со својот пријател и студиски колега Горан Калоѓера. Взаемно се охрабрувавме во миговите несклони кон нашиот предмет на интерес, за буквално да го одржиме на живот македонистичкото јадро. Од денешна перспектива, сосема е јасно дека битните програмско-организациски унапредувања на универзитетскиот статус на загрепскиот Филозофски факултет се остварени во периодот на независната Република Хрватска. Денес можам да заклучам дека имаме целосни студии по македонски јазик и книжевност на Филозофскиот факултет во Загреб. Визијата на Петар Кепески, започната на истиот факултет 1955 г., во полна смисла заживеа благодарејќи им на проф. д-р Драги Стефанија, Дијана Михаилова, д-р Наташа Аврамовска, проф. д-р Људмил Спасов, а особено на Борјана Прошев-Оливер, долгогодишниот виш лектор како и добитник на оваа признание, а од оваа академска година научниот новак, Ивица Баковиќ.

Посебна благодарност им должам на своите ментори, проф. д-р Драги Стефанија и господинот д-р Бранко Хеќимовиќ кои ги набљудуваа моите први чекори во науката. И на колегите од Отсекот за кроатистика и Отсекот за јужнословенски јазици и книжевности со коишто со години работев на унапредувањето на македонистиката, како и на деканите што ги разбираа и подржуваа македонистичките студиски концепции, а ги споменувам по ред: проф. д-р Стипе Ботица, проф. д-р Невен Будак и проф. д-р Миљенко Јурковиќ.

Ама, каде се загуби мојата Македонија и што е всушност таа моја Македонија? Се прашувам дали е тоа скоро мелодрамската средба на младиот Македонец со пријатен изглед Борислав Павловски од Тетово дојден на студии по економија со госпоѓицата Катарина Кртањек од Бјеловар, со стан во Загреб, што се случи во загрепското кино “Тушканац” за време на кризата предизвикана од нападот на Информбирото врз Титовата концепција на Југославија. Таа



*Глаголица*



*Клинеста глаголица*

криза во моето семејство заврши со брак и раѓање на првиот од двајцата синови. Јас сум првиот, а Крешимир вториот. Дали е мојата Македонија оној куп фотографии на кој е прикажан животот на едно тетовско граѓанско семејство? Или е тоа дел од мојата Македонија во кој, покрај моите пријатели, вистински живее македонската култура во сите нејзини аспекти и над сè македонскиот јазик што го учев кај Петар Кепески, Даница Конеска и Драги Стефанија, а потем и бројните македонски писатели. Меѓу нив ги издвојувам оние што ги преведував и со кои водев бројни и долги разговори: Катица Ќулавкова, Јован Павловски, Ташко Георгиески, Петре М. Андреевски, Коле Чашуле, Влада Урошевиќ, Горан Стефановски, Венко Андоновски.

Неколку другарувања, покрај оние неизбежни со Јован Павловски, Јелена Лужина, Коле Чашуле и Наташа Аврамовска ми се врежаа во паметење од некои посебни причини. Едно од нив е и она со Горан Стефановски за време на поставувањето на “Лет во место” во загрепскиот театар “Гавела” кога поминавме едно загрепско попладне јадејќи црно рижото и залевајќи го со винските кристали од Пељешац, разговарајќи исклучиво за музиката поради неговиот пријател рокер кого Стефановски го донесе на тој “работен ручек”.

Ги паметам сите средби и разговори со вехементниот Јордан Плевнеш. Тие започнаа по овациите на постановката на “Ериgон”, во режија на Љубиша Георгиевски и повремено траеја до постановката на “Печалбари” од Антон Панов во режија на Бранко Брезовац, а што заедно ја следевме со солзи во очите. Го сакав мирниот тон на Ташко Георгиевски и неговите сведочења за Егејските Македонци за време на преведувањето на романот “Рамна земја”. Никогаш нема да заборавам еден ручек со Васе Манчев што траеше со часови додека дождот ромореше по стреите на ресторанот, а ние разговаравме за тајните агенти и тајните служби. Подоцна ја преведов новелата “Касиус Клеј и ќелавиот змеј” што ја објавив во својата антологија “Господарите на лавиринтот”.

Мојата Македонија е и прошетката со господинот Коле Чашуле низ Прилеп за кој ми раскажуваше со гордост и носталгија. Не знам дали успеав да му возвратам со иста мерка на искреност при толкувањето на неговиот драмски опус во своите монографии. И дали и се одолжив на Јелена Лужина за сè што стори за јас што подобро да ги запознам македонската драмска книжевност и театар? Кој би можел да ја заборави дружбата со Влада и Тања Урошевиќ? Тоа беа фантастични патувања низ Медитеранот и македонската литература во нивниот пријатен дом пред моето враќање во Загреб, во кој ме почестија со бројни делиции, меѓу кои и похованите тиквички и одбрани вина. При тоа кажавме многу, разменивме многу знаење, ама јас не успеав да разберам како воопшто стасал низ скопската магла “Бродот Скопје” во неговата приказна?!

Ја паметам вечната насмевка на Раде Силјан и купиштата книги што ги изнесував од неговата книжарница “Матица македонска”, што секогаш ќе ја поврзувам со скромната канцеларија во која со години Јован Павловски ги прелистувал и уредувал текстовите од првата македонска енциклопедија без оглед на својата здравствена состојба. Некој ќе забележи дека ми е лесно да пишувам за Јован Павловски, македонскиот писател и енциклопедист, својот братучед зашто го познавам добро. Меѓутоа, работите се многу покомплицирани, а тоа најдобро го знаеме ние

двајцата. Од разбирливите причини: ние сме роднини.

Ќе бидам ли неправеден, ако не спомнам некого што исто така многу ми значи во пријателска и литературна смисла? Како да му ги објаснам на Богомил Ѓузел причините за необјавување на веќе преведениот избор на неговите песни!? Може ли да ги заборавам разговорите со Венко Андоновски и своето ветување дека ќе го довршам преводот на "Папокот на светот" или кусата електронска порака од Гоце Смилевски од Њујорк дека му се допаѓа хрватскиот превод на "Разговорот со Спиноза". Каде да го сместам продорниот поглед на Југослав Петровски и неговата толку необична драма или благоста на Никола Мацconfigurov чии песни токму сега се наоѓаат на мојата работна маса?

Постојат и поинакви искуства, ама сите се засенети со веќе наведените. Постојат и сопствените сомневања во врска со веќе изречените и напишаните гледиштата. Верувам дека сум потпишал текстови што скитаат немајкаде, борејќи се со литературните загатки и стапици. Сето тоа било во најдобра намера. А мојата намера беше да и се претстави на хрватската културна јавност барем еден мал дел од она што го обликува македонскиот културен идентитет. Да се претстават оние книжевни дела што се дел од координатната мрежа на уметничкото умеење на подрачјето на литературата. Такви дела што може да се одмеруваат со било кои од било која културна средина. Јас во нив уживав и своето читателско задоволство се обидував да им го пренесам на своите студенти и сите што сакаа да ме слушаат и читаат. Овде сум, меѓу останатото, како што кажа во една добра прилика Еугенио Монтале, струшкиот поетски лауреат, поради своите книги и, јас би додал, долгогодишната педагошка практика на полето на македонистиката.

Мојата Македонија е непрекината потрага по зборови, толку налик на познатата потрага на Ацо Шопов во песната "Молитва за еден обичен, но уште непронајден збор" во која пее:

***Телото мое те моли:***
***Пронајди збор од кој – штом со крик ќе***
***се рече –***
***несвесно крвта почнува да боли,***
***крвта што бара корито да тече.***
***За таков збор телото мое те моли.***



*МАНУ*

Тоа е потрага по звуците на Македонија, нејзините бои, пејзажи, луѓе, книжевниот и културолошкиот систем во којшто сето тоа може да им го претставам на другите и да ги уверам во смислата на истражувањето на таа малечка земја со големо срце која е појмовното средиште на Рациновата поетска збирка "Бели мугри". Тој голем и пресуден македонски поет, како и пред него Константин Миладинов, ги напишал во песната "Печал" стиховите што претставуваат најпримерен израз на македонската душа, а гласат:

***Нема ли срце, нема ли***
***срце – на срца срцето,***
***срце – ширини широко***
***срце – длабини длабоко –***
***цел свет да збере,***
***па да е за виа гради, малечко?***

Мојата Македонија е сентиментална и носталгична. Во неа се чувствувам пријатно било да им се препуштам на зборовите, пејзажите, пријателите и колегите, било да ги слушам гитаристичките сола на Влатко Стефановски во песните на Ѓибони или на неговите концерти, незаборавниот глас на Тоше Проески, изворните интерпретации на народните песни, режисерските концепции на Љубиша Георгиевски или Слободан Унковски, македонските актери, чашата вино, порцијата грав, охридската пастрмка, некој вид молитва пред фреската на Св. Пантелејмон, литургиското пеење, кадрите на "Црно семе" или филмот "Пред дождот". Би можел да ги набројувам бројните феномени што се за моето срце што чука меѓу мајчината "домовина" и татковата татковина, мерка на сите тие нешта. Впрочем, слушам дека со истиот ритам чукаат срцата на Вања и Марко Павловски, мојата сопруга и мојот син. Да, сето тоа е мојата Македонија.

Борислав Павловски

Превод: Борјана Прошев Оливер

# Јагода Михајловска – Георгиева
# ИНДИГО Е КОПНЕЖ ПО НЕДОСЕГЛИВОТО

***Престижната награда "Роман на годината" што ја доделува "Утрински весник" и беше доделена на нашата соговорничка Јагода Михајловска – Георгиева, писателка, новинарка, уредничка, планинарка (го има освоено Монт Еверест), жена, мајка... Сево ова беше причина со неа да направиме разговор за "Македонски глас" со надеж дека нејзините книги наскоро ќе ги промовираме во македонските друштва во Хрватска.***



**Ви честитаме за престижната награда "Роман на годината" што ја доделува "Утрински весник" за Вашиот роман "Индиго Бомбај". Зошто "индиго", зошто Бомбај?**

Индиго е бојата на небото, квечерум, во Индија. Индиго е и бојата на копнежот по неименливото, длабокото, недосегливото. Но, индигото во себе ја содржи и "способноста за пресликување". Сè на сè, најмалку двојно, кога е "под индиго". А, зошто Бомбај!? Затоа што приказните во романот се случуваат во тој град.

**Во едно интервју изјавивте дека овој Ваш роман го глорифицира сакањето. Каде во него се проткајува љубовта?**

Секаде. Дури и таму каде што не е на прв поглед видлива, "на втор" се здогледува. Понекогаш е затскриена зад некаков превез, или стуткана во оддалечен агол, напати е заклучена зад "седум врати", или оддалечена "зад седум планини и седум мориња", ама секогаш е присутна. Исто како и во животот. Мислиме, ја нема, а таа само чека да ја откриеме.

**Вашиот литературен опус со "Индиго Бомбај" се заокружува на повеќе дела. Би било интересно да ни кажете во која мерка авторката им го дава "своето" на нејзините ликови.**

Ова е мојот четврт роман, а шеста прозна книга. Во секоја од нив сум јас. Но, јас, во разни изданија. Можам да сум дете, маж, старец, тукушто роден, веќе умрен – секаде и секогаш, мене ме има. Не може поинаку да се пишува, освен да се раскажува за себе, се разбира не во буквална смисла, туку сè што е напишано мора да мине низ мене, инаку нема полнокрвна литература, нема вистина на која што и се верува.

**Својата професионална кариера ја започнавте и сè уште успешно ја продолжувате во новинарството. Што е различно кога се пишува текст за весник и кога се пишува книга?**

И едното и другото бараат широко отворени очи за светот околу и во нас. Обете, исто така, инсистираат на максимална посветеност, искреност, веродостојност. Формите се различни, да. И "длабочините и височините" во авторскиот приод се различни. Но, тој што работи со страст во двете области, а јас само така умеам, подеднакво им се дава себеси.

**Секогаш беспрекорна на перото, денес сте уредничка на ТВ Телма. Како го споивте пишаниот збор со телевизиските камери?**

Пред десеттина години кога стапнав во, за мене новиот медиум, наивно мислев дека се неспоиви. Дека се два различни света и дека на ТВ нема место за пишувачи. Искуството ме поби. Пишувањето е, во основа, соопштување. Телевизиското изразување исто така. Значи,

суштината им е иста, само формата им се разликува.

**Секогаш ангажирана, зафатена, "окупирана" со своите ликови. Имате ли време за приватен живот?**

Па, и моите книжевни ликови се дел од мојата приватност. Секаде ги има. И во кујната, и во дневната, и на терасата, и во нашата семејна куќа во Маврово, по ливадите и во планина, кога шетам. Ништо не е издвоено. Сѐ си носам со себе. Се разбира, пишувањето роман бара, особено во завршната фаза, максимална изолација, и тогаш јас сум таа што ја нема во сите вообичаени простори на моето секојдневие, зашто целата сум "внатре" во ткивото на книгата. Е, со моето "отсуство", отсуствува и готвењето за семејството, дружењето дома и надвор, но потоа пак, сѐ се нормализира, откако книгата ќе излезе.

**Кога повторно би се родиле, дали би промениле нешто во својот живот?**

Не. Многу си го сакам мојот живот, токму ваков каков што е. И многу сум му благодарна што токму мене ме одбра да го живеам, ваква каква што сум.




**Знам дека го обожувате Париз, а сте посетиле многу дестинации на нашата планета Земја. Каде уште би сакале да заминете и ги наполните своите "батерии"?**

Ох, има толку многу места за кои што мечтаам! Северниот и Јужниот пол, на пример. Големите пустини. Секогаш и повторно високите планини. Тибет. Но, најмногу од сѐ би сакала да отпатувам во вселената.

Марина Апостоловска – Вујаклија





# ГЕОГРАФСКИ И ДРУГИ ИМИЊА

***Во претходниот број на "Македонски глас" прикажани се именките и придавките што започнуваат со буквите Ѓ, Е, Ж, З и И. Во овој број ќе зборуваме за некои од имињата кои почнуваат на буквите Ј и К. Тоа се имиња на држави, народи, градови, на нивните жители и односните придавки изведени од нив.***

## Ј

**Јава;** *Јаванец -нци; Јаванка; јавански.*
**Јадран;** *јадрански; Јадранско Море.*
**Јакутија;** *Јакут; Јакутка; јакутски.*
**Јалта;** *јалтски.*
**Јамајка;** *Јамајчанец -ни; Јамајчанка; јамајски.*
**Јапонија;** *Јапонец -нци; Јапонка; јапонски.*
**Јемен;** *Јеменец -нци; Јеменка; јеменски.*
**Јена;** *јенски.*
**Јордан;** *Јорданец -нци; Јорданка; јордански.*
**Јоханесбург;** *јоханесбуржанец -ни; јоханесбуржанка; јоханес-буршки.*
**Југославија;** *Југословен; Југословенка; југословенски.*
**Јужноафриканска Република;** *Јужноафриканец -нци; Јужно-африканка; јужноафрикански.*

## К

**Кабул;** *кабулец -лци; кабулка; кабулски.*
**Кавадарци;** *кавадарчанец -ни; кавадарчанка; кавадаречки.* **Кавала;** *кавалски.* **Кавказ;** *кавкаски.*
**Казахстан;** *Казах -аси; Казашка;* (народ) *казашки;* (држава) *казахстански.*
**Каиро;** *каирец -рци; каирка; каирски.*
**Калимантан;** *калимантански.*
**Калифорнија;** *Калифорниец -ијци; Калифорнијка; калифорниски.*
**Камбоџа;** *Камбоџанец -нци; Камбоџанка;*
**Кампучија;** *Кампучиец-ијци; Кампучијка; кампучиски.*
**Камерун;** *Камерунец -нци; Камерунка; камерунски.*
**Канада;** *Канаѓанец -ни; Канаѓанка; канадски.*
**Канбера;** *канберец -рци; канберка; канберски.*
**Карелија;** *Карелиец -ијци; Карелијка; карелиски.*
**Кариби;** *карипски.*
**Карпати;** *карпатски.*
**Касписко Море (Езеро).**
**Кастилија;** *Кастилијанец -нци; Кастилијанка; кастилијански.*
**Каталонија;** *Каталднец-нци; Каталднка; каталдnски.*
**Катар;** *Катарец -рци; Катарка; катарски.*
**Кашмир;** *Кашмирец -рци; Кашмирка; кашмирски.*
**Квебек;** *Квебечанец -ни; Квебечанка; квебечки.*
**Кембриџ;** *кембрички.*
**Кенија;** *Кениец -ијци; Кенијка; кениски.*
**Киев;** *киевјанец -ни; киевјанка; киевски.*
**Кина;** *Кинез; Кинеска; кинески.*
**Кипар;** *Кипранец -ни; Кипранка; кипарски.*
**Киргистан;** *Киргиз; Киргиска;* (народ) *киргиски;* (држава) *киргистански.*
**Кирибас** и **Кирибати;** *Кирибашанец -ни; Кирибашанка; кирибашки.*
**Кичево;** *кичевец -вци; кичевка; кичевски.*
**Колумбија;** *Колумбиец -ијци; Колумбијка; колумбиски.*
**Комори;** *Коморец -рци; Коморка; коморски;* **Коморски Острови.**
**Конакри;** *конакриски.*
**Конго;** *Конгоанец -нци; Конгоанка; конгоански.*
**Копенхаген;** *копенхагенец -нци; копенхаѓенка; копенхашки.*
**Кореја;** *Кореец -ејци; Корејка; корејски; Јужна Кореја; Северна Кореја.*
**Корзика;** *Корзиканец -нци; Корзиканка; корзикански.*
**Косово;** *Косовец -вци; Косовка; косовски.*
**Костарика;** *Костариканец -нци; Костариканка; костарикански.*
**Костур;** *костурчанец -ни; костурчанка; костурски.*
**Кочани;** *кочанец -нци; кочанка; кочански.*
**Краков;** *краковјанец -ни; краковјанка; краковски.*
**Кратово;** *кратовец -вци; кратовка; кратовски.*
**Крива Паланка;** *кривопаланчанец -нци; кривопаланчанка; кривопаланечки.*
**Крим;** *Кримјанец -ни; Кримјанка; кримски.*
**Крит;** *Криќанец -ни; Криќанка; критски.*
**Кро-Мањон;** *кромањбнец -нци; кромањднка; кромањбнски.*
**Крушево;** *крушевчанец -ни; крушевчанка; крушевски.*
**Куала Лумпур;** *куалалумпурец -рци; куалалумпурка; куалалумпурски.*
**Куба;** *Кубанец -нци; Кубанка; кубански.*
**Кувајт;** *Кувајќанец -ни; Кувајќанка; кувајтски.*
**Кукуш;** *кукушанец -ни; кукушанка; кукушки.*
**Куманово;** *кумановец -вци; кумановка; кумановски.*
**Курили;** *курилски*

*(продолжува)*

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик
(Според *Правописот на македонскиот литературен јазик,* Скопје, 1999)

# ЗОШТО ПРАВЕДНИЦИТЕ СТРАДААТ?

Во светот има безбројни примери кога грешниците уживаат, а праведниците страдаат. За првиот случај никој и не споменува, додека вториот е "проблем над проблемите". Во врска со тоа се поставува и прашањето за Божјата правда и Неговата промисла во светот. Тоа е сосема нормално резонирање на грешен човек, бидејќи секој поаѓа и гледа на животот од своја субјективна и егоистичка гледна точка. За овој проблем се говори и во Светото писмо поконкретно во книгата за праведниот Јов. Имено, станува збор за човек кој живеел помеѓу идолопоклонички нород, а тој верувал и се молел на единиот вистински Бог. Со еден збор, бил праведен. Затоа и нашол милост пред Бога и бил даруван со многу имот и многучедно и среќно семејство. Седумте свои синови и трите ќерки ги учел да одат по патот Божји, а и тие ги слушале неговите совети. Бил многу почитуван од луѓето заради неговото милостиво срце и строга справедливост. Но, сé што оди по Бога, предизвикува завист кај ѓаволот. Завидливецот клевети кај Бога дека Јов го почитува Бога затоа што има раскошен живот и добро здравје. Бог допушта Јов да биде лишен од овие блага. Се вели допушта затоа што неретко некој во мака ќе рече "Бог ме искушува". "Бог не го сака злото и не го прави, но го допушта", вели св. Јован Златоуст. Иако Бог е господар и владее и над ѓаволот, го трпи заради неприкосновената слобода која му ја дал. Бог го допушта злото заради тоа да не би, оневозможувајќи го злото, ја ограничи слободата на ѓаволот, а со тоа и слободното определување на човекот кон доброто или кон злото.

Од тука произлегува и прашањето: зошто праведниците а не грешниците страдаат, ако постои промисла Божја? Бог промислува за сите луѓе, а особено за праведниците. И покрај промислата, сепак се случува праведници да страдаат, а грешниците да уживаат. Ова кај некои предизвикува сомневање во праведноста на Божјата промисла, па дури и во неговото постоење. За правилно да се реши овој проблем треба да се одговори на многу прашања, а првенствено да се востанови кој е тој што треба да пресуди кој е праведен, а кој грешен.

Постојат два суда: човечки и Божји. Човечкиот суд не може да се земе како меродавен и полноважен за грешноста. Ние често се лажеме во својот суд, дали некој е праведен или пак грешен, бидејќи ние не сме во можност да погледнеме во нивната внатрешност, во нивните срца и да ги дознаеме нивните тајни дела. Честопати велиме за некои луѓе дека се праведни, но можеби тие умеат вешто да се прикриваат и да се покажуваат побожни, а не се, а грешни ги сметаме оние кои некогаш погрешиле и својот грев не го сокриваат од другите иако покасно се покајале и живеат побожен живот. Божјиот суд е непогрешлив, бидејки Бог е сé сознателен и ги знае и најскриените мисли и желби. Единствено Он може непогрешно да суди за луѓето во смисла кој е праведен, а кој грешен. Затоа целиот суд му припаѓа само на Бог. Постои разлика помеѓу човечкиот и Божјиот суд.

Што е богатство, а што благосостојба?

Под богатство и благосостојба подразбираме земни богатства и привремени добра, а Бог подразбира духовна правда, кротост, љубов, милосрдие, молитва, пост, трпење и страдање за Христа; подразбира богатство кое е вечно – небесно, кое ни молец ни рѓа го подјадува и крадците не го поткрадуваат и крадат (Мат. 6,19 и 20). Вистинска благосостојба и блаженство се состои во духовно богатење.

Често се лажеме и кога судиме за среќата или несреќата на нашите ближни. Среќен го нарекуваме грешникот затоа што е богат, што има одликувања и почести и што се оддава на задоволствата, а не знаеме дека таков човек може да трпи најголеми маки, несреќи и болести во семејството и често го мачи совеста и стравува од казна, за неговиот неморален живот. За несреќен го сметаме праведникот само затоа што е сиромав, што нема светски почести и не се насладува со земни задоволства, а не знаеме дека тој човек и не тежнее кон земното, туку вистинската среќа ја гледа во праведноста, невиноста, мирната совест, духовната радост и надеж дека ќе биде удостоен со вечниот блажен живот после смртта. Треба да го знаеме и тоа дека земниот живот не е време во кое дефинитивно се одредува и досудува потполна и вечна награда за доброто и потполна и вечна казна за злодејците. Сегашниот живот е време на подвиг како за праведниците така и за грешниците. Најправедната награда за праведниците и најправедната казна за грешниците ќе биде по завршуваењто на подвигот, во задгробниот живот. На денот на последниот суд секому ќе му се даде според заслугите. Ова можеме да го споредиме со еден сликовит пример: Во зима сите дрва се покриени со снег и не се знае кое е суво – кое плодоносно, па дури во пролет се расцветуваат плодоносните, а сувите остануваат нерасцветани. Тогаш расцутените дрвја (праведниците) одат во вечно блаженство, а сувите (грешниците) во вечна мака. Св. Јован Златоуст вели: "Кога ни е отворено царството небесно и ветена награда во идниот живот, тогаш е веќе непристојно да испитуваме зошто праведници овде трпат неволи, а грешници живеат во задоволство. Бидејќи кога таму го очекува секој награда по заслугите негови, зошто да се возбудуваме од овдешните среќни или несреќни случки. Бог, грешниците често ги обсипува со земски богатства затоа што сака да ги допре со својата татковска љубов и добрина; сака со тоа да ги придобие за себе; сака да го загрее нивното закоравено срце и да предизвика во нив покајание; сака и да го надвладее злото во нив со добро, бидејќи добрината Божја на покајание е возди".

Бог допушта праведниците да паднат во неволји и страдања и поради тоа за да би се покажала нивната вредност, како што е случај со праведниот Јов. Понекогаш допушта за да не би паднале во гордост заради дадената им од Бога сила и благодат, величие за нејзините заслуги и за да немаат луѓето погрешно мислење за нив, да не ги сметаат за повеќе од луѓе како што е примерот со св. Апостоли Павле и Варнава (дел. ап. 14,8-18). Бог допушта праведниците да страдаат и заради тоа да би се покажала силата Божја преку слабите луѓе; да би размислувале за воскресението и да бидат убедени дека после смртта ќе добијат награда за овоземните маки. "Целиот свет лежи во зло" (1 јн. 5,19).

Злото кое грешниците им го прават на праведниците Бог го обраќа во корист бидејќи, во борбата со злото, праведниците ги покажуваат добродетелите кои позитивно делуваат на другите, како што се: кроткоста, трпението, простувањето, молитва за гонителите и благословување на непријателите (пример: св. арх. ѓакон Стефан).

Бог иако допушта праведниците да страдаат, сепак не ги остава без своја помош и утеха и допушта да бидат искушувани повеќе одколку што можат да издржат (1 кор. 10,13). Бедите и неволјите врз правдникот докажуваат дека Бог го сака, бидејќи кого Господ го сака него и го кара (Евр. 12,6).

И на крајот би завршил со една реченица од Блажени Августин: "Не страдаат сите праведници на земјата, нити пак сите грешници уживаат". Често и праведниците уживаат во земните богатства, грешници патат заради своите гревови и трпат казни од луѓето и од Бога. Безбожниците често и постојано ги мачи совеста заради нивните злодела.

Протојереј Кирко Велински

# Легенди за името на селото Љубојно



Според една легенда, слушана од Ѓеле Пашариков 1955 г., селото го добило името од зборот љубов. Кога двете населби почнале да се соединуваат и да ја градат населбата на сегашното место тоа го правеле со голема љубов, а доселените многу се сакале (љубеле) така што на некој му текнало од таа голема меѓусебна љубов да го изведе името Љубојно. Оваа легенда дозволува да се претпостави дека соединувањето на селото почнало пред 14 век зашто населбата Цар Душан се споменува во 1337 година пред доаѓањето на Турците.

Втората легенда за името на селото е слушаната истата година од сега покојниот Крстин Лубаров – сосема поинаква и целосно се вклопува во објаснувањето на В. Пјанка. Во неа се објаснува дека откако се споиле двете населби во една нова таму живеел некој овчар по име Љубо, многу убав, силен и многу добар кон луѓето. За да го овековечат неговото име, а со тоа да му ја искажат нивната благодарност се договориле неговото име да го овековечат во името на селото Љубо-Љубојно.

МИА




## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕНИ РЕКЛАМИ ВО “МАКЕДОНСКИ ГЛАС”

Страниците на нашето списание “Македонски глас” отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Уредништвото веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користењето на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 А4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 А4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 А4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 А4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 А4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,
Ваш “Македонски глас”

## ПРЕТПЛАТА НА “МАКЕДОНСКИ ГЛАС“

Драги наши читатели,

Доколку Вие, кои редовно го читате нашето списание, сакате да станете негов претплатник и тоа редовно да пристига на Вашата адреса, Ви нудиме можност да го сторите тоа. Доволно е со писмо да се обратите на адресата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Масарикова 16/1, 10000 Загреб, во кое ќе ја приложите потврдата за Вашата платена претплата (жиро сметката на заедницата е: 2340009-1100038804, а матичниот број: 3805760) и читко да го напишете Вашето име и адресата на која сакате да Ви пристига секој нов број на Македонски глас.

Претплатата на Македонски глас за Хрватска, со платена поштарина, изнесува 40 куни годишно, додека пак претплатата на ова наше списание во странство, се разбира со платена поштарина, изнесува 80 куни годишно или 11 евра.

Со надеж дека наскоро ќе ни се јавите,
искрени поздрави од
Уредништвото

# СПОМЕН КУЌАТА НА МАЈКА ТЕРЕЗА ВО СКОПЈЕ



Желбата да и се оддаде почит на најпознатата скопјанка и единствената нобеловка од Македонија резултираше со реализирање на долго посакуваната идеја – градење Спомен куќа на Мајка Тереза. Така на 9 мај 2008 беше поставен камен темелник, а само по девет месеци беше изграден и отворен величествен објект посветен на најхуманата жена на светот.

Локацијата на самиот објект не е случајно избрана: на ова место во центарот на Скопје, поточно на денешната улица “Македонија“ до земјотресот во 1963 година се наоѓала католичката црква “Пресвето срце Исусово“ во која Мајка Тереза (тогаш Гонџа Бојаџиу) била крстена само еден ден по своето раѓање, во неа ја примила првата причест и тука го наоѓала духовниот мир кога по смрта на нејзиниот татко семејството западнало во тешка финансиска ситуација. Ова место има посебно значење и влијание врз формирањето на карактерот на младата Гонџа и нејзината желба да им помага на беспомошните. Затоа оваа локација претставува симболичен мост меѓу младата Гонџа и големата хуманитарка Мајка Тереза.

И покрај тоа што разиграната фасада на Спомен куќата асоцира на светот на фантазиите на малата Гонџа, внатрешноста на изложбениот простор е концепиран да потсетува на македонската градска куќа од почетокот на 20-тиот век.

Затоа, ако минувате низ центарот на Скопје, задолжително посетете ја Спомен куќата на Мајка Тереза.

Текст и фотографии
Марина Апостоловска – Вујаклија





idea+




Special Selection
TIKVEŠ
VINARIJA

Uživajte u vinu umjereno
www.tikves.com.mk